
ЖИВОТОТ НА ФРОНТОТ

- МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА



Животот на фронтот -
Македонија за време на Првата светска војна

ЖИВОТОТ НА ФРОНТОТ
- МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

(ИСТОРИСКА ЧИТАНКА)

СОДРЖИНА

Вовед 5

Исхрана 21

Сместување и услови за живот на фронтот 33

Живот во заробеништво 39

Насилството во време на војната 45

Болести 59

Грижата за домот и блиските 67

Другоста 75

Есеј 89

ВОВЕД

ВОЕНО-ПОЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ИСТОРИЈА НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Иако по својата димензија, материјалните и човечките загуби, историјата на Првата светска војна не е помалку трагична од Втората светска војна или пак некои други конфликти од крајот на 19 и во текот на 20 век, денес во многу од државите учеснички и државите на чии територии се водела војната малку знаеме и/или се сеќаваме на овој настан. На Балканот, во оние држави и општества каде културата на сеќавањето е поизразена, најчестиот начин на кој денес се сеќаваме на овој трагичен настан е преку призмата на воено-политичката историја и лицитирањето со бројот на жртвите, т.е. чија жртва е поголема и позначајна. Овој пристап има големо влијание и на формирањето на современите погледи за минатото и за соседите, т.е. за Другиот. Затоа, начинот на кој учиме за историјата на Првата Светска војна и општо за минатото е мошне значаен. Главно, гледана како дел од една низа конфликти и војни (Балканските војни) Првата светска војна се изучува исклучиво од аспект важен за националното прашање, игнорирајќи го речиси целосно човечкиот и социјалниот аспект од војната. Накратко, пристапот во нејзиното раскажување претставува она што во историската наука се нарекува традиционален и етно-центричен пристап. На Балканот, преземајќи го погледот на Стефан Одоан-Рузо и Анет Бекер за историјата на Првата светска војна, историчарите сè уште раскажуваат и анализираат не она што го гледаат во архивите, туку она што тие веруваат дека треба да го гледаат.[1] Истовремено, во овој контекст

1 Stéphane Audoin-Rouzeau, Annette Becker, *14-18, retrouver la guerre*, Gallimard, 2000, 126

учениците, па и студентите по историја, многу малку или речиси воопшто немаат можност да прочитаат за историјата на Првата светска војна за соседните земји, а уште помалку настаните и последиците од војната да бидат ставени во регионален, европски па дури и светски контекст. Оттука, овој прирачник има за цел да ја претстави историјата на Првата светска војна на Балканот, поточно историјата на Македонскиот фронт по целата негова должина од Јадранското море до Орфанскиот залив во Егејското море, преку историјата на обичниот војник и цивил.

ПОЧЕТОКОТ НА ВОЈНАТА

Денес, на многумина во регионот, и особено во државите кои се создадоа со распадот на Југославија, им е познато името Гаврило Принцип и неговото значење. Сепак, во обемните истражувања за Првата Светска војна тој и убиството на австро-унгарскиот престолонаследник Франц Фердинанд и неговата сопруга Софија на **28 јуни 1914 година** ретко се споменуваат. Причината е едноставна, историчарите во своите анализи се обидуваат да ги истакнат објективните причини кои довеле до момент каков што бил атентатот. Поради тоа, врз основа на опсежните истражувања и силната аргументација, историчарите се повеќе од сигурни дека атентатот служел единствено како повод на оние кои во Германија и Австро-Унгарија сакале војна, но и на растечкиот антагонизам помеѓу двата воено-политички блокови кои постоеле во Европа: Антантата и Централните сили. Но, за почетокот на војната клучно е тогашното размислување во политичките кругови во Европа, дека политичките и економските цели може и треба да се остваруваат со воени напори. Од друга страна, на Балканот, но и генерално во Европа може да се прочитаат студии во кои за почетокот на војната се обвинува атентаторот (Гаврило Принцип), организацијата

Млада Босна и српската влада. Истовремено, некои историчари, политичари и личности од јавниот живот создаваат митови за жртва засновани на овие видувања, т.е. дека се жртви на историјата и интересите на големите сили. Притоа историјата на овој настан и општо Првата Светска војна се разбира како дел од еден историски конфликт помеѓу одредени народи и држави кој се уште трае и кој е предодреден да трае, притоа игнорирајќи многу причини кои довеле до тие конфликти.

Австро-Унгарија, поттикната од Германија и од намерата засекогаш да расчисти со Србија, го искористила убиството на Франц Фердинанд за да испрати ултиматум до Кралството Србија. Оваа пак, имајќи ја подршката од Русија го отфрлила ултиматумот поради што на **28 јули 1914 година** Австро-Унгарија и објавила војна на Србија. Набргу сите европски сили меѓусебно завојувале. Младите луѓе, образувани во култура на војна и подготвувани да го дадат својот живот за својата татковина, со голем ентузијазам се пријавувале во армиите на своите држави. Сите очекувале дека војната ќе заврши до крајот на годината и секој верувал дека неговата страна и кауза се поправедни од оние на непријателот. Но, војната се претворила во ужас и страдања кои свое место нашле повеќе во сеќавањата на војниците и особено во романот на Ерих Марија Ремарк, На Запад ништо ново (1929), отколку во сеќавањата и делата на "големите" имиња на војната, генералите и политичарите.

Во овој контекст треба да се спомене дека уште пред да започне дотогаш најкрвавиот конфликт во Европа и Светот, против војната се изјасниле бројни политички активисти, особено социјалистите, кои преку заеднички и координирани активности и агитирања за мир се обидувале да укажат на тешките последици од тој судир. Многумина од нив поради нивните активности биле обележани како предавници, некои од нив биле затворани како што бил случајот со Роза Луксембург, а

некои и убиени, како на пример францускиот социјалист Жан Жорес. Иако послабо организирани и балканските социјалисти и пацифисти агитирале против војната. Нивните активности продолжиле и во време на војната преку разни илегални начини. Еден таков пример е оној на Роса Плавева која, заедно со нејзиниот сопруг Илија Плавев, растурала летоци против војната во Велес и Демир Капија. Поради овие активности таа била затворена до крајот на војната, а нејзиниот сопруг интерниран во Бугарија. Сепак, и покрај укажувањата на последиците од војната, ќе помине многу време и уште една војна, пострашна од првата, пред европските општества да го променат својот поглед и разбирање за војната. Како резултат на тоа е и сегашното сосема различно учење и разбирање на минатото, она кое е во корист на градење на одржлив мир, а не на подготвување за нов воен судир.

Војната се водела на повеќе фронтови. Западниот фронт, Источниот фронт, фронтот во северна Италија, Македонскиот фронт на Балканот, фронтот на Блискиот Исток, но и со поморски и копнени операции во Азија и на Пацификот, се воделе борби и во Африка. Најголемите разурнувања и најголемите воени напори секако се одвивале на Западниот фронт каде Франција, Велика Британија, Белгија, а од 1917 година и Соединетите Американски Држави од една и Германија од друга страна воделе рововска војна. Од Швајцарија до Северното море војниците на двете завојувани страни запоседнале борбени позиции преку долги линии и мрежи на ровови кои им пружале заштита од непријателскиот оган. Во текот на четирите години неколку офанзиви преземени од двете завојувани страни се обиделе да го сменат текот на војната. И покрај овие офанзиви линијата на фронтот не се менувала значително. Битките кај Марна, Сома, Верден се симболи на страдањата, уништувањата и човечките жртви во Првата Светска војна. Токму во овие битки за првпат се употребуваат и отровни гасови кои оставиле

трајни последици по физичкото и ментално здравје на оние кои ја преживеале војната. Крајот на војната дошол дури есента 1918 година. Последната офанзива, Сто дневната офанзива (*Hundred Days Offensive – Offensive de Cent-Jours – Hunderttagoffensive*) на силите на Антантата го задала последниот удар на Германија, која веќе била ослабнатата поради значителните човечки загуби, но и поради економските тешкотии и внатрешните социјални немири. Примирјето потпишано во 11 часот на **11 ноември 1918 година** во Компјењ (Compiègne) ставило крај на борбените дејствија на двата сојуза.

Не помалку значаен е и Источниот фронт каде Австроунгарската и Германската војска помогнати од Османлиската империја и Бугарија кои воделе борби против Руската империја и Романија од 1916 година. Овие борби се воделе главно на територииите на денешните современи држави Романија, Полска, Украина, Белорусија, Летонија, Естонија и Литванија. Борбените дејствија започнале во август 1914 година со рускиот напад на Германија и Австро-Унгарија во регионите на Источна Прусија и Галиција. Линијата на фронтот постојано се менувала во зависност од променливите успеси на двете страни. Освен во источна Европа, Руската царска војска водела борби и на Кавказот против Османлиската империја, каде што имала повеќе успеси. Она што го обележува овој дел од фронтот се масовните убиства врз ерменското население во Османлиската империја, кои денес ретроспективно се познати и како Ерменски геноцид. Борбените дејствија траеле до март 1918 година. Сериозните економски и социјални проблеми биле причина за две револуции во 1917 година, Февруарската и Октомвриската револуција. Токму последнава, која на власт ги донела Болшевиците и довела до формирање на Советскиот сојуз предводен од Владимир Илич Ленин имала долготрајни последици за развојот на Европа и Светот во 20 век. Болшевиците по преземањето на власта веднаш се обиделе да склучат мир. По неколку месечни преговори проследени од воени

дејствија на германските и австроунгарските војски, во март 1918 година бил потпишан мир во Брест-Литовск. Сепак, вооружените борби во овој дел од Европа нема да престанат. Набргу започнува Руската граѓанска војна, проследена од низа други регионални конфликти како што се Украинско – Советската војна, Естонската војна за независност, како и воената интервенција на осум европски држави против Болшевиците. Судирите траеле сè до 1923 година.

Во помал обем, борбени дејствија имало и во северна Италија помеѓу војските на Италија и Австро-Унгарија. На овој фронт борбите започнале во 1915 година и траеле до крајот на војната во 1918 година. Во уште помал обем борби имало и во Азија, Пацификот и Африка. Главно, борбите биле околу преземање на германските колонии во Кингтао (Кина), Камерун, Того, денешна Намибија, Бурунди и Руанда во Африка. Значителни борбени дејствија имало и на арапските територии на Османлиската империја, каде веќе се појавиле арапски национални движења за ослободување од османлиската власт.

По потпишувањето на примирјето на 11 ноември 1918 година, датум кој во учебниците по историја се смета за крајот на Првата Светска војна, условите за мир биле преговарани на Париската мировна конференција. На конференцијата условите за мир биле одредени посебно со секоја од поразените земји. Сепак, мировните договори не значеле и крај на воените судири и општествено-политичките промени и немири, кои во одредени региони и помеѓу одредени држави продолжиле се до 1923 година. Поразените земји, особено Германија, Унгарија и Бугарија биле зафатени од револуционерни активности и социјални немири. Некои земји, како Грција и Турција повторно завојувале околу спорните територии во Мала Азија. Војната помеѓу овие две држави траела се до 1923 година, кога со потпишувањето на Лозанскиот мировен договор биле уредени односите

помеѓу двете земји. Она што го одбележува овој договор е размената на население. Пракса која, претходно била применета помеѓу Бугарија и Грција по завршувањето на Втората Балканска војна. Меѓутоа, особено значајна и со многу поголеми последици по историјата на Европа и Светот била Руската граѓанска војна, чиј крај довел до зацврстување на комунистичкиот режим во Советскиот сојуз. Исто така, вреди да се нагласи дека крајот на Првата светска војна довел до распаѓање на неколку империи, Руската, Австроунгарската, Германската и Османлиската империја.

ЗА ВОЈНАТА НА БАЛКАНОТ

Првата светска војна започнала на Балканот. Но, младите балкански држави биле вовлечени во конфликт што во тој момент не го посакувале. Тие сè уште ги чувствувале последиците од Балканските војни (1912-1913 година), кои ги истрошиле нивните економски, воени и човечки ресурси. И покрај очекувањата дека Србија многу лесно ќе биде поразена, во борбите од август до ноември 1914 година Австроунгарските војски биле поразени и протерани од територијата на Србија. Тоа биле и првите воени успеси на сојузниците против Централните сили. Од крајот на 1914 до есента 1915 година состојбата на фронтот била стабилна, а повеќе напори биле вложени во дипломатските преговори околу вклучувањето во конфликтот на Грција, Бугарија и Романија. Особено важна била позицијата на Бугарија на која и биле ветувани територии на сметка на Србија за приклучување кон еден од двата сојуза. Борбите се обновиле во октомври 1915 година, откако владата на Бугарија донела одлука да се придружи на Централните сили и заедно со германски и австроунгарски сили ја нападнале Србија. Во меѓувреме, уште од 1914 година, помеѓу сојузниците, Велика Британија и Франција, се водела дебата за испраќањето на воени единици на

Балканот за да и помогнат на Србија. Наклонетоста на бугарската влада кон Централните сили дополнително ја актуелизирала идејата, по што биле испратени експедициони сили на чело со францускиот генерал Морис Сарај.

Експедиционите сили или Армијата на Ориентот (**Armée d'Orient**) во почетокот биле составени само од француски и британски единици кои претходно учествувале во неуспешната Дарданелска операција против Османлиската империја. Првите војници се истоварiле во Солун на 5 октомври 1915 година и по неколку дена се упатиле по долината на реката Вардар кон север со цел да им помогнат на српските војски кои веќе биле во повлекување поради офанзивата на Централните сили. Првата операција на експедиционите сили била неуспешна, а српската војска била принудена да се повлекува преку албанските планини кон Јадранското море, откаде биле префрлени на островот Крф во Јонското море. Сепак, бугарските и германските војски го запреле своето напредување на границата помеѓу Србија и Грција и на тој начин ја оформиле линијата на фронтот кој во историографијата се нарекува со повеќе имиња: Македонски фронт, Солунски фронт, Фронтот на Ориентот (*Front d'Orient*), итн. Од неговото воспоставување до 1918 година на фронтот војувале војски од речиси сите држави вклучени во конфликтот.

Антанта:	Централните сили:
Франција	Бугарија
Велика Британија	Германија
Србија	Австро-Унгарија
Русија (до 1917 година)	Османлиска империја (од 1916 година)
Италија	
Грција (од 1917 година)	

Сепак, од декември 1915 до август 1916 година по линијата на фронтот немало никакви воени активности.

Војските на Антантата се наоѓале во Солун и неговата околина, во држава каде политичката ситуација била мошне сложена. Имено, грчката политичка јавност била поделена помеѓу прогерманскиот крал Константин I, кој се залагал за неутралност и премиерот Елефтериос Венизелос, кој пак се залагал за влегување во војна на страна на Антантата. Во меѓувреме, откако романските политички водачи решиле да се приклучат на Антаната, генералот Сарај планирал да започне офанзива против војските на Централните сили. Меѓутоа, три дена пред почетокот на офанзивата Централните сили започнале воени операции во долината на реката Струма и во Пелагонија, заземајќи неколку градови во северна Грција.

По неколку дена и краткотраен успех на бугарските сили, сојузниците презеле противофанзива, која имала најмногу успех во западниот дел од фронтот, т.е. во Пелагонија. Здружените српски и француски војски успеале до крајот на ноември да ги потиснат на север бугарските и германските сили, при што на 19 ноември бил заземен Кајмакчалан, највисокиот врв на планината Ниџе. Тоа ги принудило бугарските војски да се повлечат од Битола. Претходно бомбардиран од страна на француската и српската артилерија во напорите да го заземат, градот Битола ќе доживее уште пожестоки бомбардирања во наредниот период сè до крајот на војната во 1918 година. По заземањето на градот линијата на фронтот се стабилизирала и се протегала од бреговите на Јадранското море во Албанија, преку Охридското и Преспанско езеро, северно од Битола, по мариовските села, долж сртовите на планините Ниџе и Кожув, Дојранското езеро и долината на реката Струма до Егејското море. Неколкуте помали и локални офанзиви, како на пример битките кај Дојран, не довеле до промена во позициите на двете страни сè до септември 1918 година. Тој месец, војските на Антантата презеле напади на повеќе делови од фронтот, кој конечно бил пробиен за време на битката на Добро поле, кога сојузничките војски на Србија, Франција и Грција успеале да ја принудат

на повлекување мошне исцрпената и деморализирана бугарска армија. На 29 септември било заземено Скопје, а веќе следниот ден Бугарија била принудеан да потпише примирје, поради внатрешните социјални немири. На овој начин, германските и бугарските војски на овој фронт капитулирале. Во наредните недели британските војски продолжиле да напредуваат кон Истанбул, а француските и српските војски кон Белград и преку Дунав во Унгарија. На **4 ноември 1918 година** Австро-Унгарија потпишала примирје, оставајќи ја Германија сама во борбата против сојузниците.

ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ВОЈНАТА – ИСТОРИЈА НА НАСИЛСТВО, УНИШТУВАЊЕ, ТРАУМИ, *ТЕХНОЛОШКИ НАПРЕДОК*

Првата светска војна оставила долготрајни последици за развојот на човештвото и социјалниот и политичкиот развој на Европа и Светот, но и на луѓето кои директно или индиректно биле опфатени од војната. Новиот начин на војување (на пр. интензивната употреба на артилерија, авиони и отровни гасови) предизвикал дотогаш невидени физички страдања и психолошки трауми кај војниците. Исто така, многумина биле судени и стрелани поради напуштање на борбените линии, иако тие постапки биле резултат на претрпените шокови, а не на своеволната одлука. Долгиот период на конфликт го наметнало и прашањето за воени заробеници, нивното третирање, како и грижата на блиските за нивната судбина. Црвениот крст, како и претставништвата на завојуваните страни во неутралните земји, како на пример Швајцарија и Холандија, биле активно вклучени во решавањето на

проблемите поврзани со ова прашање. Размената на информации, како и писма од членовите на семејствата во голема мера се одвивала преку Црвениот крст и споменатите држави. Многумина од заробениците биле ангажирани за физичка работа за која недостасувала работна рака. За жал, некои воени заробеници биле жртви на расизмот и национализмот на нивните непријатели, поради што биле убиени или подложени на тешки услови во логорите каде биле чувани.

Подеднакво страдале и цивилите, особено оние кои се наоѓале во градовите и селата во близината на фронтот. Ипр, Верден, Арас на Западниот фронт, Пшемишљ на Источниот фронт се неколку од многуте градови кои биле уништени од активностите на артилеријата. Уште побројни се селата кои биле целосно уништени, а во многу случаи нивното население никогаш не се вратило да ги обнови своите стари домови. Технолошкиот напредок овозможил бомбардирања и на населените места оддалечени од фронтот и тероризирање на неговото цивилно население. Така, Лондон, Париз, Келн и други градови биле бомбардирани употребувајќи авиони и тешка артилерија (на пр. Париски топ), која имала домет од речиси сто километри. На Балканот слична судбина доживеале Битола, Дојран, Серес, Корча и во помала мера Солун. Не помалку пострадало и цивилното население далеку од фронтот. Во одредени држави се чувствувало недостаток на храна, а не ретка била појавата на болести и епидемии. Меѓутоа, особено тешка била положбата на она население кое се наоѓало под окупација. Во секоја од окупираните држави се евидентирани голем број на случаи на воени злосторства, принудни депортации и принудна работа. На Балканот, но и пошироко, освен масакрите на ерменското население, особено бројни биле случаите на масовни убиства на српско население под австроунгарска и бугарска окупација. Децениската пропаганда во која непријателот бил сметан за инфериорен и дехуманизиран се сметаат за клучен фактор при извршувањето на овие воени злосторства.

Окупацијата проследена со манифестации на расизам, меѓуетничка омраза, депортации, злосторства и масакри врз населението, само го зголемувала интезитетот на борбите и доведувала до уште поголема радикализација и нетрпеливост помеѓу завојуваните страни и нивното население. Сето ова оставило длабоки траги во европските поствоени општества на полето на колективната меморија, како и во нејзината подоцнежна улога во општеството и политиката. Државите од Анантата, со исклучок на Русија, т.е. Советскиот сојуз, го наметнале мирот врз поразените држави, одредувајќи тешки услови кои се одразиле на понатамошниот општествено-политички и економски развој на Европа и Светот. Во некои држави како Бугарија и Германија се појавиле контрадикторни ставови и чувства во врска со исходот на војната. На пример, во Германија мнозинството сметало дека нивната држава не била војнички поразена, туку предадена, што оставило простор за развивање на политички фрустрации кои национал-социјалистите (нацистите) предводени од Адолф Хитлер ги злоупотребиле за доаѓање и зацврстување на власт.

Последиците биле исто така тешки и за балканските држави и нивното население. Крајот на Првата светска војна и мировните договори со мали промени ги потврдиле новите државни граници воспоставени по Балканските војни. Овие мировни договори довеле до сериозни општествено-економски и демографски промени. Ставот кај политичките и интелектуалните елити дека постоење на малцинства во сопствената држава претставува политички и безбедносен проблем довел до договори за размена на население, но и примена на репресивни политики. Крајот на Првата светска војна не значел само крај на империите и победа на национализмите, туку во голема мера и нарушување на мултирелигискиот и мултиетнички карактер на повеќето од балканските држави. Новите граници ставиле крај и на уште една многувековна карактеристика на Балканот. Одредени економски шеми престанале да

функционираат. На пример, овчарите од западните краеви на Македонија, кои со векови ги носеле своите стада на испаша кон Солун и Истанбул биле принудени да бараат нови пасишта. Од друга страна, Првата светска војна индиректно довела и до некои промени за кои денес многумина не знаат, а кои го олесниле и подобриле квалитетот на животот. Воените напори на завојуваните држави довеле до значителен технолошки напредок, кој пак по војната бил применет и во цивилниот живот. Развојот на авионската и автомобилската индустрија, развојот во медицината (на пример, локалните анестезии, пластичната хирургија), прифаќање на грегоријанскиот календар од страна на оние држави кои се уште го применувале јулијанскиот календар (Србија, Бугарија, Русија и други) се само неколку од многуте промени кои следувале како резултат на војната. Уште позначајни се и последиците по разбирањето на светот и животот на луѓето по војната. Пацифистичките движења и потребата од создавање на меѓународни тела кои би ги уредувале односите помеѓу државите станале се посилни. Сепак, посериозни промени на ова поле се случиле дури по Втората Светска војна.

* * *

Земајќи го ова предвид, овој педагошки прирачник, применувајќи хуманистички пристап се обидува да ја покаже војната преку животот на војниците и цивилите кои се наоѓале на фронтот и во неговата близина. Нашата цел е да ги претставиме војниците и цивилите како социјални групи кои имале свој интерес и потреби. Тие, како индивидуи имале и свои лични грижи, кои во многу нешта го обликувале и нивното однесување во текот на војната, а со тоа и начинот на кој војната се водела. Така, младите читатели, кои ќе го користат овој материјал, освен за војната како воена и политичка историја ќе имаат можност да научат и за секојдневниот

живот на војниците и цивилите, нивното однесување во времето на војна и за односот кон Другиот. Споменатите тенденции ги објаснуваат во голема мера причините и последиците од влијанието на национализмот и расизмот, кои пак биле силно вкоренети во европските општества, како и за социјално-економските последици од војната, т.е. за сите актери на војната.

Притоа, изворите и дадените задачи и прашања треба да објаснат неколку клучни поими и категории, кои се групирани според изворите користени во изработката на овој прирачник и кои ќе овозможат подобро разбирање на војната не само како воена и политичка, туку пред сè како социјална појава.

Тие поими и категории се следните:

- Исхрана,
- Сместување и услови за живот на фронтот,
- Живот во заробеништво,
- Болести,
- Насилство,
- Грижи за домот и блиските,
- Другоста.



ИСХРАНА

Една од клучните грижи на војските и војникот е исхраната. Од неа и нејзиниот квалитет зависат здравјето, моралот и борбената способност на војниците. Од тие причини завојуваните страни воделе сметка за исхраната на нивните армии поради што армиите имале своја организациска структура која што водела грижа за набавка, транспорт и производство на храна. Всушност, војниците голем дел од своето време го трошеле на производство на храна во близина на фронтот. Специфично е тоа што во исхраната на војниците биле вклучени и нивните семејства кои испраќале пакети со храна на фронтот. Освен тоа, бројни извори укажуваат и на други начини на обезбедување на храна, планирани или спонтани, преку купување или преку насилно одземање од локалното население. При снабдувањето со храна и видот на хранливите продукти, војските морале да водат грижа и за условите (географски и климатски) во кои нивните војници се бореле. Од друга страна, војната, како и самото присуство на војски во регионот влијаеле на квалитетот на исхрана на цивилите, најчесто во негативна смисла. Имено, недостаток на хранливи продукти, случаи на украден добиток, напуштени ниви, бавчи и овоштарници кои биле плен на војниците. Најпосле, контактот меѓу војниците и локалното население довеле и до културна размена преку храната. На едно пошироко ниво, војната довела до недостаток на храна во голем број од завојуваните држави. Имено, во завојуваните држави произведената храна прво се праќала на фронтот за снабдување на војските. Исто така, регрутирањето на машката популација довело до намалување на работната сила во полињата и фармите.

Писмо од војникот Богатин Ангелов до семејството

23.9.1916

„Драг мој татко, примите поздрав од мене ваш син Богатин и поздрави го брат ми Павле и мама и снаа и сите по дома, стари и млади. Татко ќе те молам на ова кратко писмо да ми одговориш бидејќи јас откако бев на отсуство, од тогаш немам добиено никакво писмо од вас. Дали ми пишувате, дали идат писмата татко. А ви пишав да ми пратите пакет со јадење, та сега бидејќи немам што да ти пишам оставам на твој брз одговор. И на зетот Стојан пет писма му пратив и од него нема одговор. Дали ми ја заборавивте адресата, дали не можете поради работа да ми пишувате. Мојата адреса е II Ма. Полк, III дружина, III вод, 9 чета.“

Отпретани сведоштва,
стр.73/Д.К.107

Писмо од војникот Крало Павлов до семејството

2.9.1917

„Драг мој чичко Петруш прими искрени поздрав од мене Крале. Денес, како што најдов слободно време си реков да те поздрава со ова кратко писменце и да те затекне во добро здравје и веселие. Поздрави го бате Тиме и бате Митко и стрина Милка и снаата Руса и тетка Боја и невестата Кева и сестра Тимија и сите по дома кои прашуваат за мене. Поскоро писмо да ми испратите и да ми испратите пакет со нешто за јадење. Сите селани сме живи и здрави.“

Отпретани сведоштва,
стр.83/Д.К.149

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството во Франција

13.08.1917, с. Ивен, од планинските врвови

„Ве молам да најдете еден килограм конфит од гуска и да ми го испратите... Како да се отсоли за да може да се испече со компирчиња? Испратете ми џигер со домати и шкембе на каенски начин. Милост, пратете ми и рецепт за ролнички од зелка и ќофтиња.

За среќа имаме одлични конзерви. Секој ден добиваме компири и смрзнато месо, и виното е добро. Водата од планината е минерална (со железо) и газирана. Ноќите се крајно свежи. Деновите се многу жешки, но секогаш ветровити.

...Единственото нешто што ми е неопходно се намирниците, одвреме навреме по некое печено пиле или конзервирана шатка во алуминиумска кутија".

Avec les tirailleurs sénégalais, стр.37

Писмо од Рејмон Есхолие до сопругата

31.08.1917, непознато место од фронтот, "Заливот Алонг"

„Ако можеш, испрати ми две печени млади еребици од Монтрање, во две алуминиумски кутии. Тоа ќе биде целосно задоволство".

Avec les tirailleurs sénégalais, стр.47

Писмо од Рејмон Есхолие до сопругата

11.09.1917, с. Сетиња

„Се снабдуваме со јајца по цена на злато. Редовната цена е педесет центи. Г-дин де Фрејсине плати десет франци за дузина јајца. Пилињата се поефтини, 5 франци, 6 франци. Сега имаме четири кокошки, две црни, една бела којашто е многу лоша, и една сива. (Последниве две се многу убави). Ќе го проширим нашиот кокошарник. Кога ќе имаме шест кокошки ќе престанеме да трошиме пари. Се надевам дека на-

Истражи:

- зошто француските војници на Македонскиот фронт биле нарекувани "les *jardiniers de Salonique / бавчаџиите од Солун*" од своите сонародници?

- зошто војникот Есхолие бара толку специфични пратки со храна од Франција? Дознај повеќе за животот на Рејмон Есхолие!

шите шест кокошки ќе бидат доволно за да ни даваат по две јајца по човек дневно. (Четворица сме на маса)".

Avec les tirailleurs sénégalais, стр.52

Писмо од Рејмон Есхолие до сопругата

29.10.1917, бивак на карпите

„Рустикалната самовила баш ќе се смее кога ќе дознае дека рафинираниот Lutin[2] полека се претвара во бавчанџија, или барем во одгледувач. Оваа војна постепено го оживува војникот-работник, и гледам како доаѓа моментот кога, како Синсинатус, сите ќе садиме зелка... Сериозно, ја напуштаме борбената линија само за во позадина да се посветиме на земјоделството. Јас се договарам со нашите земјоделци и обработувачи за да ги избереме нашите зрна, да ги засилиме напорите и сеењата. Нели е малку парадоксално човек да дојде да ги обработува полињата во Македонија, додека нашите сопствени полиња...".

Avec les tirailleurs sénégalais, стр.90

2 Lutin е украсна кукла во форма на џуџе од приказните со која традиционално се украсуваат дворовите во Франција.

Писмо од војникот Стефан Стојков до татко му

05.01.1917

Драг татко

„...Јас сум тука добро и добро сум се снашол... Си имаме крава, која ни дава по 2 оки млеко кое го квасиме и секогаш имаме најизобилно и добро јадење...“

Спомените на ополченецот Недко Стојков, стр.92

Писмо од војникот Стефан Стојков до мајка му

15.12.1915

Мила мамо

„Вчера го примив твоето писмо од 15 октомври. Пред две недели од тебе и од татко добив писма од месец ноември. Ние завршивме со походот и сега повеќе ќе бидеме на одмор, бидејќи и нема каде да се оди понатаму и останавме без работа. Имам се, и можам да кажам дека од ништо немам потреба, бидејќи тука можам се да си купам, а имам и пари. Ако испраќаш пакет, сепак стави две кошули и сиври и 1-2 пара чорапи, бидејќи се скинаа, а за јадење тука тешко се наоѓа шеќер и сланина. Сепак, јас имам уште 2 кг шеќер, па и без пакет ќе поминам. Живеам во еден манастир, каде сме многу добро сместени и имаме се...“

Спомените на ополченецот Недко Стојков, стр.62

Интересни податоци:

Во најголем дел населението на Македонија до Првата Светска војна доматите ги јаделе зелени, мислејќи дека црвените се отровни. Праксата на јадење црвени домати локалното население ја видела од Французите. Исто така, денеска во некои региони на Република Македонија доматите се нарекуваат френки наречени така по француските војници кои ги јаделе доматите црвени.

Писмо од Андре Ордиони до семејството

14.03.1918 - Писма од Ориентот - писмото е дел од поголем текст кој се однесува на општественото уредување во Албанија и албанското население

„Моја драга Мари

Исхрана. Во регионот кој можев да го посетам, јас не видов ниту пченица, ниту компири, а основата на исхраната е претставена со пченката, со која се прави груб леб на кој нашите стомаци лошо се привикнуваат. Добра боранија и пиперки и во големо количество; исто така зелката и празот ги има во изобилие. Меѓутоа, она што би можеле да го одгледуваме во изобилие во Албанија се овошјата кои се многу вкусни.

Домашните животни се бројни но невешто одгледувани; биволите ги заменуваат воловите“.

Un officier français dans les Balkans, т.I, стр.43

Патеписни забелешки на наредникот Жулиен Арен

Октомври 1915

„...Глад е. Сите заминавме во потрага по намирници но, во селото, разбравме дека пилињата биле собрани пред нас од страна на главниот штаб и четата која го окупирала Неготино. Ќе се вратиме со празни раце без ниту една кутија српски тутун (20 грама за 20 центи)...“.

En Macédoine, стр.61

Патеписни забелешки на наредникот Жулиен Арен

18.11.1915 - Кара – Хоџали [Криволак]

„...сок наутро; супа, малку ориз, уште помалку месо за ручек; повторно ориз и малку месо за вечера; тоа не може да го наполни празниот стомак на едно дете како мене. Не треба да се очекува дека ќе се подобри снабдувањето или да се зголеми, бидејќи во многу мизерните села ништо не се наоѓа...“.

En Macédoine, стр.85

Писмо од поручникот Атанас Стефанов до мајка му

20.12.1915 с. Мрзенци

„Мила мамо! По војникот од 5-та чета Рајко Руднев, кого го испраќаме дури во Трново за купување производи и за писма, во еден пакет или кутија испрати ми ги следните нешта: 2 кг руски овошни карамели околу 7 лева, една чоколадна пита Tobler од најголемите по 2 и ½ лева, 5 кг шеќер во коцки за чај околу 7 и ½ лева, едно мало тенеќе цариградска или варненска таан алва околу 3 и ½ лева, неколку портокали или јаболки околу 2 лева, 4 шишиња бугарски коњак за именденот со три sвезди по ½ кг секое – околу 10 лева, малку сланина, суџук или убава сланина за околу 5 лева = вкупно околу 37 лева. За купување на горните производи ти испраќам 40 лева. Пакетот, добро запакуван и потпишан, ќе биде земен од дома од истиот тој војник, така што ти нема потреба да го бараш – тој ќе дојде кај нас дома“.

Генерал Лајтнант Атанас Стефанов (1891-1944), стр.88

Писмо од поручникот Атанас Стефанов до мајка му

17.12.1915 најверојатно с. Мрзенци

„Мамо! Бидејќи тука шеќерот е извонредно скап, 8 до 10 лева за една ока, но и не се наоѓа, најважно, те молам, биди добра да ми испратиш еден пакет со 3 кг шеќер. Французите, каде што поминале, сѐ ограбиле, ништо за јадење не оставиле, дури и магаријата, кучињата и мачките за големо чудо ги изеле. Македонците им се чудат – каков народ се штом јадат такви работи“.

Генерал Лајтнант Атанас Стефанов (1891-1944), стр.87

Писмо од поручникот Атанас Стефанов до мајка му

17.12.1915, с. Мрзенци

„Мила мамо! Овие денови ти подготвив 2-3 писма до тебе, но бидејќи нема редовна пошта, не ги испратив и ете по офицерот, потпоручник Недевски, денес сите ти ги испраќам. Има едно писмо и до баба. Пушти го

во кутијата или испрати ѝ го по некого. Ти испраќам 50 лева за празниците и по 5 лева за баба и Стојанка. Ако имаш можност, испрати ми еден пакет само со шеќер 3 кг, не повеќе, бидејќи пакети потешки од 3 кг не се примаат во пошта. Тука се е скапо и не се наоѓа. Еден леб, и тоа пченкарен, чини 5 лева, една кокошка 5 лева, едно јајце 40 стотинки, еден кг шеќер од 8 до 10 лева, а сол никаде нема. Ете веќе 20 дена откако војниците јадат само несолена чорба. Исто толку дена даваат по ½ леб, а некогаш и тоа го нема. Барем е добро што борбите престанаа".

Генерал Лајтнант Атанас Стефанов (1891-1944), стр.87

Дневни белешки од фронтот на Жан Виктор Самсон

Крајот на летото 1916 година

„...Следниот ден се распоредивме во селото [Горгоп], сиромашно, но населено. Таму најдовме слаби кокошки, домати, лубеници, сушени смокви..."

Campaignes d'Orient, стр.40

Дневни белешки од фронтот на Жан Виктор Самсон

Пролетта 1917 година

„Но, нашата најголема грижа беше снабдувањето. Некаде во позадина на нашите позиции се наоѓаше христијанското село Осин чии жители побегнале, напуштајќи ги нивните градини каде овошјата и зеленчуците беа созреани. Неколку пати придружуван од неколку луѓе отидов таму влечејќи магаре или планински коњ за уздите."

Campaignes d'Orient, стр.47

Дневни белешки од фронтот на Жан Виктор Самсон

23.09.1918

„Еве нè, кампуваме во долината, блиску до турското село Драгоманци. Отидов таму да купам јајца, кокошки, грозје. Какво грозје! Многу благо, совршено прекрасно, а секое зрно е големо колку слива."

Campaignes d'Orient, стр.110

Заповед на Кавадаречкиот полков воен округ n°.21 од **7.11.1916, град Кавадарци**

Објавувам на знаење во округот кој ми е поверен подолу одбележаната распределба по која ќе се приготвува храна за војниците.

Забелешка I: замената на хранителни производ ќе се одвива така што:			
1) 25 грама (нечитливо) масло или свинска маст може да се замени со 50 гр (нечитливо) масло или шарлан.			
2) 100 грама говедско или овчо или свинско месо со коска може да се замени со :			
Ориз	50 грама	Грашок	100 грама
Боранија	50 грама	Боранија	100 грама
Грав	50 грама	Сушен зеленчук	25 грама
Леќа	50 грама	Конзервиран зеленчук	60 грама
Булгур	50 грама	Солена риба	70 грама
Гриз	50 грама	20 гр. Шеќерна чоколада	50 грама
Зелени пиперки	100 грама	100 гр. Галери со јајчени кришки/сушен козунак / бисквити	80 грама
Кисело зеље	60 грама	Сушени јаболки	50 грама
Компири	250 грама	Сушени круши	50 грама
Моркови	250 грама	Сушени зарзалии	50 грама
Цвекло	250 грама	Сирење или кашкавал	100 грама
Спанаќ	250 грама	Пестил [слатко од сливи] или џем или мармалада или сардели / конзервирана во (нечитливо) риба 50	
Лапат	250 грама	1 грам чај со непечено кафе	20 грама
Домати	250 грама		
Сушени црни сливи	50 грама		
ЗабелешкаIII: Овој распоред е на сила од месец Август.			
Забелешка IV: Во среда и петок секогаш да се готви посно јадење.			
Забелешка V: Кога се служи чај, сирење не се дава и обратно.			
ВИА – Кавадарско военно окружие, ф.1986, опис 1, а.е.1			

Заповед на Кавадаречкиот полков воен округ, n°40 од 2 јуни 1917 година, град Кавадарци

На приход семиња за зеленчук

Примените семиња за зеленчук од агрономот на Македонската воена инспекциска област во Скопје со број 27 од 5 март оваа година според долниот список да се запишат во книгата за исхрана.

Бр.	Име на семето	количество		забелешка
		К.	Грама	
1.	семе за краставици		300	
2.	семе за зеље		300	
3.	рајкин боб		500	
4.	бакла		250	
5.	благ пипер		300	
6.	миродија		50	
7.	моркови		50	
8.	сланина		50	
9.	бабнија	200		
10.	домати	50		
11.	рани домати		50	
12.	цукор		250	
13.	целина	50		

За расход семиња за зеленчук

Семињата за зеленчук применети на 5 март оваа година од агрономот на Македонската воено-инспекциска област во Скопје (според заповед бр.40/1), заповедувам да се испишат од приходната книга за исхрана и да се прикажат во расход како (нечитливо) во зеленчуковата градина на полковиот воен округ.

Началник на округот

Полковник (нечитливо)

ДВИА – Кавадарско военно окружие, ф.1986, опис 1, а.е.3

Прашања:

1. Наброи барем 5 различни начини на кои војските/војниците на фронтот се снабдувале со храна!

2. Кои биле најбараните прехранбени производи на фронтот и зошто токму тие производи?

3. Зошто толку често војниците барале пакети со храна од дома?

4. Кои практични вештини им помагале на војниците во исхраната?

5. На кој начин исхраната ни зборува за социјалниот и економскиот статус на војникот? Спореди ги потребите и барањата на војникот Есхолие и војникот Крало Павлов!

6. На кој начин готвената храна можела да биде транспортирана на долги растојанија?

7. Која била улогата на агрономот во војските на фронтот?

8. На кој начин војната влијае на цената на прехранбените производи?

9. На кој начин потребите за храна на војниците се одразиле врз животот на локалните селани во зоната на фронтот?



СМЕСТУВАЊЕ И УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА ФРОНТОТ

Во текот на војната десетици илјади војници биле евакуирани од фронтот поради замрзнати екстремитети. Тоа се должело на лошите временски и климатски услови, како и на сместувачките капацитети на војските. Всушност, сместувањето (ровови, бункери, биваци, шатори, итн.) влијаело на хигиената и здравјето на војниците. На ова големо влијание имале и несоодветната облека и опрема, која војските понекогаш ја користеле. Бројот на повредени војници зависел и од нивните вештини и обука. Тие додека војувале морале да бидат способни и да направат за себе најдобро можни услови за живот, особено додека се наоѓале на првата линија од фронтот. Во зависност од временскиот период во најтоплите месеци војниците најмногу се грижеле за комарците, а во најстудените за затоплување и заштита од премрзнување. Додека извесен број на војници биле сместени во затоплени и солидно изградени објекти, во изворите читаме за голем број на војници кои војувале и живееле на отворено во рововите изложени на дожд, снег или високи температури.

Писмо од Рејмон Есхолие до сопругата

19.08.1917, село Брник

„Благодарение на моите напори, бедната колиба од земја, целосно празна, во која се сместив, сега е опремена на интересен начин. Од дрво и железна жица дадов да ми се направи кревет, полици, маса и столица. Кон сето тоа ги додадов и моите пријатни турски штофови, кои ме чинеа по 10 суа од парче. Опкружен сум со портокалови, виолетови, темно сини, црни чудно... На една полица стои мојата стара

убава икона, еден син, златен, зелен и црвен ангел, а потоа и либертинските слики од „Парискиот живот“, потоа разгледници со Афродита од Милос, света Катерина од Кореж, Светата фамилија од Да Винчи, и потоа книги на полиците, „Imitation“, „Perses“ и „Provinciales“, петте тома од Казанова, поемите на Сули-Прудом и моите бамбара граматики. Целото тоа е интересно, доста обоено, и ми се допаѓа. Да не ја заборавам и големата карта на српската земја што ја имаме тука“.

Avec les tirailleurs sénégalais, стр.43

Писмо од Рејмон Есхолие до сопругата

04.09.1917, село Ивен

„Дојде големиот студ, големиот ноќен студ. Иако спијам заедно со Руке под големиот шатор на докторот, смрзнав како волк под моите покривки. Студовите овде се неверојатни“.

Avec les tirailleurs sénégalais, стр.49

Забелешки на поручникот Рене Манго

04.03.1918 – во близина на село Магарево

„Користејќи ја ноќта, ги напуштивме позициите во позадина и го заменивме колонијалниот батаљон кој се наоѓаше во омразените ровови (tranchée du crime). Овие ровови се протегаа долж падините кои се спуштаа од масивот 1248; тие одеа се до долината во правец на селото Оризари. Лош сектор, лошо организиран, без засолништа, исполнет со вода; моето командно место е толку ниско поради што треба да се наведнувам, стаорците и глувците во него танцуваа сарабанда, водата течеше од плафонот. Мојата секција е спроти Бош [Германците], кои не напојуваа со куршуми цела ноќ.“

Dardanelles Orient Levant, 1915-1921, стр.160

Истражи:

Спореди ги условите во кои живееле Рејмонд Есхолие и Рене Манго!

Спомени од војната и воениот живот на подофицерот Ернес-Албер Стокан

26.11.1915 – во близина на Демир Капија

„Сосема одеднаш, ете не во длабока зима. Од 26 ноември врне снег и истовремено замрзнува. Дува силен ветер. Бевме принудени да останеме под нашите шатори. Најверојатно и Бугарите го направиле истото. Пукањата престанаа; не се слуша ниту истрели од топовите, ниту од пушките. Од таа страна настана голема тишина. Снегот паѓаше два дена и стануваше се поладно и поладно. Многумина од нас страдаа од студот поради што бевме приморани да си ископаме засолништа.“

Dardanelles Orient Levant, 1915-1921, стр.95

Писмо од лекарот Колеман

29.01.1917 – во подножјето на Кајмакчалан

„Сега работиме повеќе отколку било кога после Верден и воопшто не е напорно. Поголемиот дел од случаите се смрзнати стапала, што мора да е страшно искуство. Кога сме сити и стоплени во нашите куќи, а надвор врне лапавица и снег, сфаќаме колку лесна работа имаме во споредба со кутрите војници горе во планината и во мочуриштата, секој човек со едно ќебе, додека ние имавме најмалку четири и мек кревет...“

Soldier Letters, стр.67

Истражи:

Какви биле условите за сместување и живеење кај локалното население во близината на фронтот!

Прашања:

1. Кои фактори влијаат на сместувањето на војниците на фронтовата линија?

2. На кој начин социо-економската положба, или класата, влијае на сместувањата и (не-)удопствата на војникот?

3. Која била најголемата грижа при сместувањето на војниците?

4. На кој начин војниците се прилагодувале на големите студови?

5. Размисли: на кој начин климата и природата може да влијаат на текот на војната?

6. На кој начин условите за сместување влијаеле врз здравјето на војниците?



ЖИВОТ ВО ЗАРОБЕНИШТВО

Постоеле повеќе начини на заробување на војниците. Најчесто тие биле заробувани при големи судири. Притоа стотици и илјадници војници одеднаш се наоѓале во заробеништво. Освен тоа, еден војник можел да заврши во заробеништо и доколку се изгуби при вршењето на патроли во близина на фронтот. Уште еден начин е војниците своеволно да ги напуштат своите редови и да се предадат на непријателот. Притоа овие војници биле дефинирани како дезертери, што претставувало предавство во очите на своите сонародници. Мотивите кај оваа група на војници се повеќе. Некои дезертирале поради идеолошки мотиви, некои поради етничкото потекло, некои поради глад, а некои и поради влијанието на пропагандата на непријателот. Откако еден војник ќе се најде во заробеништво, според членот 7 од Хашката конвенција за законите и обичаите на војување требало да биде третиран во однос на исхраната, сместувањето и облеката под исти услови како и војниците на војската која ги заробила. Се разбира, честопати овој член не бил почитуван. Имено, заробените војници биле искористувани за принудна работа во местата каде биле интернирани. Постојат и голем број на случаи кога заробени војници биле убивани од страна на непријателските војници, но и случаи кога биле спасувани од соборците на истите непријатели. До денес се зачувани бројни писма што заробениците ги испраќале до своите семејства. Во размената на писма и информации за воените заробеници голема улога одиграле Црвениот крст и неутралните држави, како на пример Холандиа и Швајцарија. Меѓутоа, имало случаи во кои семејствата не можеле да добијата никаква информација за судбината на своите блиски во текот на целата војна.

Истражи:

што предвидувало меѓународното право за убиството на воените заробеници во време на Првата светска војна? Спореди со денешната ситуација!

Спомени на полковникот Владимир Вазов

Декември 1916

„По сѐ се гледа, дека тие [Србите] многу се плашат да паднат во наши раце и се убедени дека ние ги убиваме заробениците, а Германците не. Кој знае? Можеби имаат до некаде право... На 7.XII. [1916 година] во 9 часот пред пладне во штабот на 2-та пешадиска дивизија (манастир Св. Илија) донесоа српски заробеници: 5 офицери и околу 60 војници. За овие заробеници командантот на дивизијата велеше, помеѓу нас, дека требало да ги убијат уште вечерта, но командирот на 3-та бригада, полковник Козаров не се согласил. Што претставува негова чест. Србите кажувале, дека кога ќе виделе Германци се предавале. Ако биле само Бугари не сакале да се предаваат, бидејќи им велеле дека сме ги убивале.“

Спомени, стр.123

Интересни податоци:

Француските војници во текот на нивната кампања на Балканот заробиле нешто повеќе од 12300 бугарски војници, од кои 4000 биле дезертери, додека бугарската армија до крајот на војната успеала да зароби помеѓу 1800 и 2200 француски војници.

Писмо од поручникот Атанас Стефанов до родителите

07.06.1918

„Мили родители! ... Во овој момент, додека ви ги пишувам овие редови, врне пороен дожд – да пукне, навистина не го сакам. Како се посевите, се подобрија ли, паднаа ли дождови и кај нас? Извинете што ќе ве вознемирам, но јас уште еднаш да прашам што направивте со бунарот и со местото. Најдовте ли Срби да го оградат?“

Генерал Лајтнант Атанас Стефанов (1891-1944), стр.118

До Министерството на војната

(**Биро за заробеници**)

15.10.1917 година

Секцијата за води во град Пловдив добила решение од Господинот Министер на Војната за 30-40 души воени заробеници, кои ги искористиле во текот на летото за одржување на државните канали за наводнување и за поправки по речните корита и селата. Началникот на депото за заробеници во град Пловдив побарал итно враќање на сите тие работници и тоа во моментот кога од нив има најголема потреба и работите се најмногу потребни затоа што сега водите се ниски и многу од каналите се суви и спремни за поправки.

ДВИА, ф.20, опис 1, а.е. 41

До Министерството на војната

(**Канцеларија за воени заробеници**)

29.01.1918

Извештај:

...има такви (воени заробеници) околу 200-300 души, кои се водат при железничкото депо и кои работат на изградба на железничката линија од Банки до Божуриште...

ДВИА, ф.20, опис 1, а.е.41

Истражи:

најди неколку места (патишта, згради, споменици, фабрики или што било друго) во Европа кои биле изградени со трудот на воените заробеници во текот на Првата светска војна!

Прашања:

1. Размисли: на кои фактори може да се должи мислењето дека една војска убива заробеници, а друга не?

2. Размисли: во која мера ликвидацијата на воените заробеници може да се должи на системски воен или политички зафат, а во која мерка на личен став на поединец/поединци?

3. Зошто генералот Стефанов споменува Срби во писмото до своите родители?

4. Размисли: во која мера воениот заробеник бил претворан во принуден работник во текот на Првата светска војна? Дали во тој случај имал свои лични и работнички права?

5. Дали некој од твоите предци бил воен заробеник во времето на Првата светска војна и какви се сеќавањата за поминатото време во заробеништво.



НАСИЛСТВОТО ВО ВРЕМЕ НА ВОЈНАТА

Иако војната сама по себе е дефиниција за насилство, дискусијата на оваа тема е многу посложена. Насилството, може да се врши на повеќе нивоа и од разни чинители, од војници или цивили. Сепак, војната останува како основен фактор што го овозможува насилството. Мотивите можат да бидат повеќе: омраза, одмазда, личен профит, заплашување, итн. Во најголемиот дел насилството се врши од страна на регуларните војски, со оглед на тоа што тие располагале со најголемиот разорувачки потенцијал. Активностите на артилеријата и употребата на авионите предизвикале големи човечки загуби и материјални штети во градовите и селата кои се наоѓале на самата линија на фронтот или во негова близина. Честопати, армиите не воделе грижа за цивилното население и немале конкретни и прецизни цели при бомбардирањата на населените места. Насилството можело да се изврши и од страна на нерегуларните вооружени групи, кои најчесто ги среќаваме кај балканските армии (српска, бугарска, грчка). Жртви на активноста на овие групи најчесто биле цивилите, а во помала мера непријателските војници. Специфичен случај на насилство биле и одмаздите, кон цивилното население, вршени од страна на сите војски. На страна од фронтот, во окупираните територии се забележани насилства и случаи на воени злосторства извршени од регуларните војски (на пр. масовните убиства извршени врз селаните од страна на австроунгарските и бугарските војски во окупирана Србија). Воени злосторства се извршени и на територииите под контрола на сојузничките војски во северна Грција, каде еден голем дел од населението поради неговата поврзаност со Бугарија и Османлиската империја било сметано како непријателско. Покрај омра-

зата кон Другиот во изворите се среќаваат и примери на сочувство и будење на хуманоста кон непријателот.

Табела: број на население и загинати војници и цивили во текот на Првата светска војна

Антанта	Население (во милиони)	Убиени војници	Убиени цивили	Вкупно
Австралија	4,5	61 928		61 928
Белгија	7,4	42 987	62 000	104 987
Канада	7,2	64 944	2 000	66 944
Соединетите американски држави	92	116 708	757	117 465
Франција	39,6	1 397 800	300 000	1 697 800
Грција	4,8	26 000	150 000	176 000
Британска Индија	315,1	74 187		74 187
Италија	35,6	651 010	589 000	1 240 010
Јапонија	53,6	14 000		14 000
Црна Гора	0,5	3 000		3 000
Нов Зеланд	1,1	18 050		18 050
Нова Земја	0,2	1 204		1 204
Португалија	6,0	7 222	82 000	89 222
Романија	7,5	250 000	430 000	680 000
Русија	158,9	1 811 000	1 500 000	3 311 000
Србија	4,5	450 000	800 000	1 250 000
Јужна Африка	6,0	9 463		9 463
Велика Британија и Ирска	45,4	885 138	109 000	994 138
Вкупно	789,9	5 696 056	3 674 757	9 370 813
Централните сили	**Население (во милиони)**	**Убиени војници**	**Убиени цивили**	**Вкупно**
Австро-Унгарија	51,4	1 100 000	467 000	1 567 000
Бугарија	5,5	87 500	100 000	187 500
Германија	64,9	2 036 897	426 000	2 462 897
Османлиска Империја	21,3	800 000	4 200 000	5 000 000
Вкупно	143,1	4 024 397	5 193 000	9 217 397
Данска	2,7		722	722
Норвешка	2,4	-	1 892	1 892
Шведска	5,6	-	877	877
Општо вкупно	941	9 720 453	8 871 248	18 591 701

Интересни податоци:

Како последица од бомбардиарањата, во период од три години, во Битола биле убиени 4.224 жители, во најголем дел жени и деца, 545 биле ранети. Тоа претставува речиси 10% од вкупното население на градот пред почетокот на војната. Бројот на срушени згради и куќи бил 867, од кои 4 јавни згради, оштетени биле 815, 845 куќи биле запалени, а 873 објекти биле оштетени на разни начини.

Бројот на цивилното население кое загинало или починало од глад или болести на територијата на Република Македонија е тешко да се утврди, сепак таа бројка се изразува во десетици илјади.

Забелешки на поручникот Рене Манго

16.02.1917, Корча, Албанија

„При крајот на после пладнето влеговме во Корча. Населението е тероризирано. Непријателските авиони утрото исфрлиле 12 бомби врз градот, кои убиле петмина. Кон 4 часот навечер, кога го подготвував кампувањето, нов дожд од бомби падна врз несреќниот град. Тоа е одмаздата на Австријците.“

Dardanelles Orient
Levant, 1915-1921, стр.146

Забелешки на наредникот Жулиен Арен

Октомври 1915, Неготино

„...Неготино е или подобро би требало да претставува важно село, речиси мал град, меѓутоа војната поминала од тука и три четвртини од куќите се збришани. Пожарот и гранатите не биле доволни за да се направат толку рушевини; расната и религиска омраза без сомнение дополнително ги вооружи освојувачите со копачи за до толку да ги доуништат маалата..“.

En Macédoine, стр.59

Спомени на полковникот Владимир Вазов

1917, во близина на селото Мрзенци

„После 12.30 часот попладне започна силна стрелба по нашиот балон во с. Мрзенци. Растојанието добро измерено, меѓутоа насоката погрешна. Татнежите се громотевични.

Го видовме резултатот од француското гаѓање: неколку куќи од Мрзенци разрушени, но балонот неоштетен...“

Спомени, стр.89

Белешки на лекарот Колеман

23.12.1916, Битола

„Излегов надвор на прошетка со Вив[3] и Фиске... Едноподруго слушнавме свирежи, и во период од осум минути започнаа да паѓаат во центарот на градот ... После една минута голем црн чад се издигна од центарот на градот. Кога сè се заврши отидовме таму да ја видиме големината на штетата. По должината главната улица беше полна со цигли, куќите беа уништени, а сиромашните цивили во толпа се прикриваа од врата до врата, бегајќи во друг крај од градот... Во еден хаос во еден двор мали деца плачеа, додека едно полуде и всушност исфрлаше пена од устата. Разбравме дека пет деца биле убиени...“

Soldier Letters, стр.62

Белешки на лекарот Колеман

25.01.1917, Битола

„Видов една од шкотските жени, првата цивилизирана жена што сум ја видел во последните два месеци и повеќе. Таа беше тука за да ги рани српските деца кои немаа никој да се грижи за нив и кои обично се движеа околу војската, собирајќи она што можеше да се најде. Сигурно имаше 150 деца кои чекаа да бидат наранети...“

Soldier Letters, стр.65

3 Корнелиус Винант (Cornelius Winant)

Истражи:

Истражи ја улогата на странските женски организации и поединци во давањето хуманитарна помош во зоната на фронтот!

Воениот дневник на 34. Тројански полк

24.09.1916 - Кала тепе

„Во текот на ноќта и денот непријателската [британска] артилерија напаѓала по предните позиции и позадината и северниот дел од градот Дојран. Кон 4 часот после пладне стрелбата особено многу се засилила по Четулинската градина, северозападно од градот...

... како последица на силниот ветер пожарот продолжи, опфаќајќи ги се повеќе и повеќе јужните делови од градот и покрај обидите на војниците да го изгаснат или преградат, тој не може да се угаси, но и поради материјалот од кои се направени куќите – сува трска.

Во текот на ноќта за гасење на пожарот се испратија уште две нови чети.“

ДВИА, ф.174, опис 1, а.е.18

Белешки на Даглас Волш

1917, Битола

„После чајот не прашаа дали би сакале да ги видиме ‘децата’ и не однесоа во еден долг и низок подрум претворен во болница.

Имаше по дваесет кревети од двете страни и сите беа зафатени. Од кого? Од болни деца? Не: лесно ќе се заборави приказот од четириесет болни деца бидејќи на сите им е доста од болеста понекогаш. Овие четириесет деца, помеѓу две и седум години, беа ранети од безобзирното непријателско гранатирање. Некои во нога, некои во глава, некои во гради...“

With the Serbs in Macedonia, стр.214

Дневни белешки на војникот Жан Виктор Самсон

31.03.1918, село Карасинан

„Често одев во селото Карасинанци да му однесам на полковникот извештај за батаљонот. Селото одвоено од Мајадаг преку висовите на Ски беше поживо отколку соседното. Една граната го сруши минарето на скромната џамија под балконот од каде муезинот ја проповедал големината на Алах. Во дворовите засадени со дудинки експлозии на гранати од 210 милиметри ископуваа огромни кратери. И покрај тоа, неколку жители останале во селото, одбивајќи да ги напуштат своите фарми со свилена буба.“

Campagnes d'Orient,
стр.86-87

Спомени од војната и војничкиот живот на подофицерот Ернес-Албер Штокан

Ноември 1915, кота 516, во околината на Валандово

„Од љубопитност се искачив на котата 516 која е блиску. Таму се наоѓаат многу бугарски лешеви, но исто така неколку лешеви на француски војници, кои сè уште не се погребани. Моето внимание беше привлечено од бугарските војници: Еден човек се поставил во еден мал ископ, ископан од експлозијата на граната, а пред него со неколку камења земени од околу направил еден вид на парапет позади кој издолжен тој можел да се засолни. Така, утврдувајќи се и пред да биде убиен, тој имал доволно време да пука, што се потврдува од големиот број на празни фишеци кои се наоѓаат околу него. За нашите војници тој морал да биде жесток непријател. Неговиот труп го гледав со почит.“

Dardanelles Orient
Levant, 1915-1921, стр.94

Белешки на Георги Стојанов Георгиев

Ноември 1915 - во околината на Криволак

„Стоев и гледав како да сум онемел. Војната беше застанала пред мене со вистинскиот ужасен лик. Одеднаш се ставив на местото на убиениот. Во мојата замисла се појавија образите на моите родители – татко ми, мајка ми, петте сестри, поголемиот и помалиот брат. Ги видов како тажни се шетаат по нашата голема куќа во Долна Чамурла, таму во Северна Добруџа, ги насочиле своите погледи кон зачадените светци, молејќи ги со солзи на очите да нуачат нешто за нивниот сакан син, кој пред неколку години избега од Романија и отиде да се бори за Бугарија, и до денеска не знаат ништо за него. Дали им минувало низ умот, дека нивниот син се наоѓа на едно непознато место и мисли на нив. Тој го гледа телото на еден несреќен мртовец, најверојатно убиен за неговата државна кауза, која за него веќе го загубила значењето. Дали не си замислиле, дека некаде непознатите висови на заграбените бугарски земји од Србите, дивите кучиња или волците не приредиле раскошна гозба со неговото безживотно тело... ...се сожалив за тој несреќник, иако ни беше непријател. Откако човек ќе умре, хуманоста надвладува над омразата. Така бидна и со мене во тој момент. Без да се колебам, во тој момент заповедав тој наш мртов противник да биде погребан по христијански обичај.“[4]

Добруџанските полкове, стр.95

Писмо на полковникот Андре Ордиони до семејството

18.07.1918, писма од Ориентот – околината на Корча

Моја драга Мари

„...Токму во овој тажен предел, токму во оваа страшна бездна, во Шенапремте[5],

4 Ibidem, 95
5 Шенапремте на албански значи Света Петка.

во Кулата (утврдена куќа) на водачот на непријателските комитации, познатиот Али – бег, каде предавнички беше убиен еден од моите најдобри офицери, поручникот Бако, кога на 11 јуни на крајот од денот се одвиваше страшна борба помеѓу комитациите: тивка борба, без збор, без вик, гради в гради без милост. Куршумите паѓаа со опасна брзина, со тешкотија можеше да се следат доживувањата од драмата кои се одвиваа за да се одмазди мојот несреќен офицер, жртва на неговата голема храброст и силна доверба.

Бако на умирање пред кулата на Али – бег требаше да чека, во секој случај знаеше, дека по секоја цена тој ќе биде одмазден. Сите ние таму одлучивме.

Али – бег прв падна и беше довршен со кундаците од моите мароканси спахии; неговото тело беше влечено по улиците целосно окрвавено...

... Во знак на одмазда, побарав од моите претпоставени одобрување да го запалам селото, што беше направено истата вечер..."

Ордиони

Un officier français dans les Balkans, т.I, стр.60

Спомени на полковникот Владимир Вазов

24.05.1916, село Хума

„...да го спомнам следниот факт, кој се случи подоцна – во текот на август.

Во текот на летото, по желба на полковник Протогеров, при мојата бригада беа испратени десетина македонски четници со задача да влезат на непријателска (грчка) територија заради разузнавање. Јас се согласив, бидејќи Протогеров со писмото ме убеди дека тие храбри луѓе-четници добро ги познаваат локалните услови, знаат турски и грчки јазик и локалните наречја, ги знаат патиштата, можат да се пресвлекуваат според потребите, имале јатаци и слични нешта. Нивен главен војвода беше Бабунски (во село Рупа). Дојдоа. Со долги коси, посебни костуми и друго. Ги запишавме на наша исхрана. Кога нивниот началник Ка-

рацов (поранешен учител) се јави кај мене, јас го распрашав за неговата дотогашна активност и го задолжив со испраќање по еден до два или повеќе четника преку границата да проникнат во тилот на непријателската позиција (Чубакодра и др.) и да разузнаваат, што се прави и што се зборува таму.

Минаа денови, но од нив никакви информации не добив. Карацов ме убедуваше дека било многу опасно да се влегува на грчка територија, границата била добро чувана и слични нешта. Едно време кај нас пребегнаа Бугари Македонци, кои изјавија дека тие четници навистина навлегле на грчка територија, но таму се занимавале со грабежи на бугарските селани. (Дури еден старец Бугарин бил убиен, со цел да го ограбат), но Турци и Грци не закачале. Кога му го кажав ова на Карацов, тој ме уверуваше, дека тоа не е точно, дека тие не биле такви луѓе."

Спомени, стр.97-98

Белешки и впечатоци на полковникот Жан Сезон

14.11.1915 – село Дреново, Тиквеш

„...за нивна [српската војска] жал тие [чета на грчки доброволци] пристигнаа проследени со лоша репутација, бидејќи само што ги поминаа нашите истурени позиции тие влегоа во борби, но не против Бугарите, туку против населението. Во Дреново, каде што пристигнале во текот на ноќта, нивните офицери кои се викаат Епаминондас и Аристофан отишле кај кметот кого го врзале, му удриле шлаканица и го терале да ги отвори вратите на неговите селани. Тоа не ги спречило луѓето [од грчката чета] да влезат во куќите, качувајќи се преку прозорците и ѕидовите од дворовите. Тие ги отварале сандаците, краделе се што ќе најдат, вредни објекти, пари, постелнини, облека, женска облека, кокошки, кромид, ореви. Муслиманскиот оџа е исто така врзан и соголен, а еден Турчин е убиен.

Истражи:

што предвидувало меѓународното право за третманот на цивилите во време на војна во текот на Првата светска војна? Спореди ја ситуацијата денес!

Истото го направиле и во неколку други села на нивниот пат: после сè, требало добро да се јаде. На кратко, Србите ги сметаа нивните постапки за непосакувани и веднаш телеграфираа дека ги вратиле под силна придружба; не молеа да бидат без одложување испратени во Грција, каде треба да бидат држени што подалеку од српската граница.“

D’Alsace à la Cerna, стр.89-90

Белешки на подофицерот Омер Потар

22.10.1915 – Криволак

„Малку луѓе на улиците, особено жени. Луѓето не одминуваат индиферентни и загадочни со ножеви во појасите или во широките панталони. Тие се сомнителни и добивме совет по улиците да не се движиме сами и без оружје. Мнозинството се бугарофили.“

Dardanelles Orient Levant, 1915-1921, стр.113

Писмо од генералот Сарај до полковникот Руеф од 17.10.1915, Солун

„...секој оној што ќе биде фатен како ги уништува или се обидува да ги уништи железничките, телеграфските или телефонските врски ќе биде погубен.“

SHDGR, J.M.O. du Q.G.A.O. Sarrail à Colonel Ruef – 17.X.1915 (26N 77/1)

Белешки на наредникот Жулиан Арен

Декември 1915 – село Кованци, во близина на Гевгелија

„...[селото] е целосно турско така што капетанот, задолжен за снабдување, кој прв влегол во селото бил пречекан со удари од камења. За среќа, преведувачот ги довел работите на право место. Ги собравме угледните луѓе од селото кои беа информирани со неколку мошне искрени зборови, дека смртта на еден француски војник скапо ќе го чини селото и неговите жители. Преведувачот додал дека за секое купување, секоја штета ќе платиме, а дека селото Кованци ќе треба само да овозможи премин на 6-от батаљон.

И покрај нивните ветувања, приемот бил студен...

...Колкава омраза треба нашите постапки да возбудат! Без да ги соблечат своите обувки, нашите бели војници влегоа во џамијата; еден стражар се качи на минарето каде муезинот, пет пати на ден ги изрекува зборовите на Алах, само на Бог и на Мухамед, неговиот пророк.“

En Macédoine, стр.111-112

Белешки на наредникот Жулиан Арен

10.12.1915 – во близина на селото Кованци

„Бугарите се во Кованци, ние испративме патрола. Еден батаљон заминал во напад на селото каде заземале позиции без да го видат непријателот. Од друга страна, најдоа тело на еден француски коњаник. Турците го убиле нашиот сонародник; нивните жени му го откорнале јазикот и ископале очите на војникот. Исклучителни обичаи, навистина! Како заложници земавме десетина од угледните селани...“

En Macédoine, стр.115-116

Прашања:

1. Кои градови од зоната на фронтот (во денешна Албанија, Македонија и Грција) биле бомбардирани од завојуваните страни во текот на војната?

2. Каков бил животот на цивилите во зоната на фронтот?

3. Што е воено злосторство?

4. Размисли: на кој начин воените грешки може да влијаат на животот на цивилите и војниците во зоната на фронтот? Зошто настрадало селото Мрзенци?

5. Опиши го големиот пожар во Дојран! Спореди го со големиот пожар во Солун (како бил предизвикан, фактори за брзо ширење, кој го гасел, последици врз градот, итн.)

6. Размисли: зошто некои жители на Карасинанци не сакале да го напуштат селото и покрај гранатирањата? Кое е значењето на селскиот имот и производство за животот на селаните?

7. Размисли: на кој начин војната го менувала пејсажот (природниот, урбаниот, итн.)?

8. Зошто било запалено селото Шенапремте (Света Петка) од француската војска летото 1918?

9. Кои се негативните страни од употребата на паравоени формации во време на војна? Спореди ги последиците од доаѓањето на македонските и грчките паравоени групи во зоната на фронтот!

10. Дали цивилите секогаш биле пасивни жртви во време на војната? Дали има случаи кога цивилите се вооружувале и од кои причини?

11. Зошто немало судења во случаите на конфликт меѓу селаните и војските споменати погоре?

12. Зошто децата се лесна жртва на војните и дали познаваш денеска други примери во кои децата страдаат од војните?



БОЛЕСТИ

Вториот голем непријател на војниците биле болестите и епидемиите, кои во голема мера влијале како на животот на војниците, така и на текот на војната. Во регионот во кој биле стационирани бројните војски веќе постоеле одредени предуслови поволни за развивање на заразни болести. Пред сè, тука биле мочуриштата со влагата и инсектите, потоа високите летни температури, но и слабата хигиена во градовите. Војниците морале постојано да внимаваат на овие фактори и да се заштитуваат. Напорите за ефективна заштита, односно за превенција на болести, биле пред сè планирани и спроведувани од страна на штабовите на војските, но во одредена мера војниците барале средства и од своите семејства. Штабовите наредувале одржување на личната хигиена и на хигиената во објектите каде војската престојувала. Најчеста епидемија била маларијата, која се карактеризирала со високи температури, треска, и онеспособување на војникот, па понекогаш и до смрт. Војниците биле лечени на повеќе нивоа: амбулантни станици, полски болници, како и болници во градовите. Сериозните случаи биле евакуирани од фронтот и праќани на долго лекување во нивните земји. Интересен е и податокот дека во зоната на фронтот се среќаваат и бројни доброволци (лекари и медицински сестри), кои доаѓале од далечни земји со цел да им помогнат како на ранетите и болни војници, така и на засегнатите цивили.

Писмо на Рејмон Есхолие до семејството

06.10.1917 - село Сетиња

„Откако сум дојден на Ориентот воопшто не престанав, впрочем како и Командантот и Руке, секојдневно да земам по две апчиња кинин, заради превенција. Благодарение на овој режим, кој не ми предизвикува никаков проблем, не сум се разболел од

Истражи:

што е кинин?

треска, додека војниците се зафатени од неа во голем број и евакуирани... За три недели ќе треба да внимаваме само на студот“.

Avec les tirailleurs sénégalais, стр.75

Белешки на војникот Жан Виктор Самсон

Крајот на летото 1916

„Кон крајот на летото 1916 година бевме навистина истоштени од фронтот на Вардар и со надеж ги наслушнувавме гласините за замена.Ужасната дизентерија и маларичната треска ги напаѓа и најцврстите. Бројот на војници се намалуваше“.

Campaignes d’Orient, стр.39

Забелешки од патниот дневник на Тубен[6] кои се однесуваат на хигиената во пошириокиот регион на фронтот, каде што и самиот поминал 22 месеци

„...активно учествував во борбата против еден непријател кој е подеднакво опасен и кој го загрозува опстанокот на нашите ангажирани единици: ‹ЕПИДЕМИИТЕ›“.

Des Epidémies, **стр.1**

Забелешки за градот Солун

„Таму се пие лоша вода. Хигиената и одржувањето на улиците и другите патни линии се очајни. Тие се оштетени на повеќе места и притоа се претвараат во вистински канализациони одводи кои се опасни како

6 Ц.Ј. Тубен бил технички советник за санитарни работи во кампот Зејтинлик и шеф на бирото на Полицијата и Јавното здравје во префектурата Дуб.

за јавното здравје така и за сообраќајот:

Насекаде само дупки, застоени вирови, животински измет, смет и човечки измет. Целосно отсуство на одвод, наподземниканализаодводнаводатаодкуќитеинадождовницата.

Локалните жители воопшто не се срамат да исфрлат пред нивните живеалишта, па и на сред улица, мртви животни и други слични мрши. Па така, еден ден, на едно од најпосетените места во градот имав можност да видам мртов коњ што беше оставен на улицата повеќе од десет часа, без притоа некоја јавна служба да се загрижи".

Des Epidémies, **стр.3-4**

Забелешки за градот Битола (Монастир)

„За време на долгите месеци живеење во Монастир, колку што ми дозволуваа строгите правила за движење низ бомбардираниот град, констатирав дека, како и Солун, Престолнината на Македонија не ги содржи хигиенските услови потребни за да се рангира како град што би можел да се препорача на некој странец".

Des Epidémies, **стр.12**

За исправноста на водата

„Снабдувањето со вода главно е преку бунари и извори, кои најчесто се загадени.

Постојат бројни показатели дека протечните води се загадени. Оние од потокот Брусник и од чешмата Хаџи-Салех, кои посебно се резервирани за војската, може да се пијат само после вриење или хлорирање".

Des Epidémies, **стр.13**

За опасноста од епидемиите

„Азијатската колера пустошеше низ Дарданелите и Македонија, тифусот се навраќаше во Србија, а исто и во Македонија.

Потребно е да се води сметка за нездравата клима и за нестабилната температура, а не треба да се заборави ниту тоа дека не-

кои од овие предели имаат репутација дека се меѓу најнездравите во светот и дека се главно дувло на маларија, дизентерија, тифоидна треска, паратифоиди. Во голем дел од источниот фронт беа забележани случаи на овие страшни зла.

Пред ваквата тажна реалност, беше важно по секоја цена да се преземе се што е потребно за брзо да се надмине ваквата состојба, која можеше долго време да го наруши здравјето на воените единици, па дури и да ги парализира разните нивни движења.

Воената власт, која заедно со цивилната власт ја разбра својата улога наспроти напаѓачот, процени дека хигиената на Армијата е еден од најмоќните фактори за победа, и дека подобро е да се спречи отколку да се лечи“.

Des Epidémies, **стр.14**

Дел од мерките што француската војска ги преземала за заштита од заразни и други болести на линијата на фронтот

„За да имаат повеќе воздух, топлина, светлина и свежина, во зависност од годишното време, поголем дел од војниците го подигнале подот на нивните шатори, направиле врати на sидовите, како и платформи со пристапни скали.

На полковите им биле дадени посебни рогозини кои добро ги замениле сламариците за лежење, кои пак требало да бидат запалени. На оние во рововите им биле поделени гумени обувки, кои штитат од влага.

Во шаторите владее педантна чистота. Тие често се проветруваат, а покривките се тресат секое утро, по што се оставаат надвор на сонце.

Кучињата, мачките и стаорците, кои се живи преносници на бактериите на чумата, колерата и тифусот, преку вошки или болви, се држат на далечина.

Внатрешноста на шаторите и нивните влезови внимателно се прегледуваат секој ден заради влекачи и отровни животни, особено поскокот, шкорпијата и стоногалката (сколопендра), кои се многубројни во овие предели.“

Des Epidémies, **стр.20**

„Превентивата против епидемиите се спроведува особено со помош на дезинфекцијата, која има за цел уништување или неутрализација на разните смртоносни бактерии во средината во која може да навлезат, да се шират или да се сочуваааат.“

Des Epidémies, **стр.25**

Спомени на Полковникот Владимир Вазов

јули 1916, с. Хума

„Од 17 јули се разболев од маларија и грип (според зборовите на лекарите), па бев принуден да лежам во кревет. Постојано имав висока температура. Пот, грозница, тегоби; лекарот се сомнева да не е тифус. Дури кон 28 јули температурата стана нормална. Болеста заврши. И покрај тоа што бев исклучително многу ослабнат, сепак излегов на позицијата. Се занесувам поради слабост, но сега не е време за боледување“.

Спомени, стр.100

Писмо од војникот Стефан Стојков до мајка му

08.12.1915

„Мила мамо.“ .... „Живееме во еден манастир каде што сме многу добро сместени и имаме сè. Со Тодор се контактираме. И тој е добар, како мене. Вчера се сретнав со Христо Метев – на Мето чешларот, и тој е добро. Болести во војската нема никакви, освен обична кашлица или настинка, така што нема за што да се секираш. Ние сме на такви чисти места што болести воопшто нема ни да има. Ти бакнувам рака, твојот син Стефан“.

Синовете на ополченца Недко Стоиков, стр.62

Писмо од војникот Стефан Стојков до мајка му

10.02.1916

„Мила мамо. Ти пишав пред 6-7 дена, но не сум добил никакво писмо од вас. Го очекувам утре-задутре. Пакетот за којшто ми пишуваш дека си го пратила на 12-ти минатиот месец, кога почнаа да примаат пакети, сѐ уште не сум го добил. Ќе биде добро ако во него си ја ставила и чутурата. Ако не си ја ставила, прати ја во друг пакет, затоа што е добро да ја имам. Само гледај прво да ја обложиш со восок одвнатре, откако ќе стопиш восок во еднокотелче и го излееш во чутурата, ќе го измешаш добро и ќе го излееш. Само ќе треба внатре да е сува. Ако е влажна внатре, исцеди ја кога ќе ја соблечеш и згрej ја посилно над огнот и дувај внатре со некој... или црево, за да излезе пареата. Ако е Богомил дома, нека ја направи тој. Ја сакам со восок за да можам во водата да ставам лимонска киселина, доколку се појави или дизентерија или колера во текот на пролетта. Засега сме тука и со оглед на тоа што имаме сигурна вода немам потреба од такви работи, но во текот на пролетта, кога ќе почнеме да патуваме, тогаш е друго. Нема да биде лошо, ако можеш да купиш од аптеката 100-200 грама лимонска киселина. И да ми ја испратиш во пакет затоа што малку остана, бидејќи ја употребував за војниците, кога на некој ќе му се расипе стомакот. Јас сум тука многу добро. Ти бакнувам рака, твојот син Стефан“.

Синовете на ополченца Недко Стоиков, стр.67

Прашања:

1. Зошто војникот Рејмон Есхолие секојдневно земал по две апчиња кинин?

2. Наброи: од кои болести страдале војниците во текот на Првата светска војна на Македонскиот фронт?

3. Кои биле последиците од масовните заболувања кај војските?

4. Размисли: Кои мерки би ги презел(а) за да се спречи појавата на болести и епидемии во градот и во поширокаta зона на фронтот?

5. Размисли: во која мера појавата на болести и епидемии може да се должи на навиките на населението и функционалноста на системот, дури и кога нема војна?

6. Кои мерки ги презела француската армија за заштита од болести и епидемии на Македонскиот фронт?

7. За која намена војниците употребувале лимонска киселина?



ГРИЖАТА ЗА ДОМОТ И БЛИСКИТЕ

Жестокоста на фронтовата линија барала целосно внимание и посветеност од страна на војниците, нешто што е клучно не само за извршување на нивните воени задачи туку и за нивниот опстанок. Сепак, читајќи ги бројните писма што војниците од Македонскиот фронт ги праќале до своите семејства, неодминлив е впечатокот дека тие млади луѓе речиси постојано во мислите биле дома. Освен што редовно барале храна или друга материјална поддршка, тие постојано се интересирале за благосостојбата на семејството и имотот. Низ писмата провејува загриженост за здравјето на блиските, за одржливоста на имотот, за заработката, сè во знакот на едно генерално чувство дека војната еден ден ќе заврши и тие ќе живеат повторно заедно.

Писмо на Рејмон Есхолие до семејството

27.07.1917, Зејтинлик

„Утринава долго размислував за градината со која сме преокуприрани. Тоа што е важно е повеќе да не се остава необработена, добро да се одржува и покрај тешките времиња. Со голема емоционалност мислам на тоа миризливо парче земја каде што животот е толку нежен. Веднаш барам да ми се зборува за неговото одржување, кое ме интересира најмногу што може“.

Avec les tirailleurs sénégalais, стр.28

Писмо до војникот Игнат С. Николиќ од сопругата

За војник Игнат С. Николиќ, с. Близанци

„Поздрав од твоја домаќинка Јанинка до тебе мои домаќин Игнат. Поздрав од баба ти Цвета и од Ѓорѓе и од сестра ти (неразбирливо). Од жетва ожнеавме уште една нива има, а сеното не сме го собрале, нема кој да ја окоси другата половина што ја косевме и нема кој да го собере. Стоката е здрава и жива. Игнате, ние од тебе добивме 5 картички и се разбравме, но не можеме да ти одговориме. Еве сега ти одговараме. Пченка не садевме, бидејќи нема кој да ни ора, а баба ти те моли да гледаш да молиш кај командирот да те пушти да дојдеш да се видиме да си го собереш берикетот па да си одиш со добро, амин. Твојата жена Јанинка Игнатова, Близанци.

Игнате, еве денеска ти праќам 10 динари по пошта. Штом ги добиеш одговори.

Игнат С. Николиќ, с. Близанци

4 чета, 3 батаљон, 3 полк 1 вод, 1 одделение, Ваљево 10 динари пратени на 26 јули“

Отпретани сведоштва, стр.60/Д.П.53

Писмо од војник Митко Ангеловиќ до семејството

22.05.1915

„Денес татко го примив вашето писмо и разбрав за вашето здравје и еве да ви се јавам за моето здравје. Јас сум здраво, како сте со вашето здравје? Да ви кажам дека ги примив вашите и Стоините писма и да ви кажам дека ги примив 10 динари кои ми ги пративте. Зашто не ми испратите повеќе пари. Со овие пари јас... да ми пуштите повеќе пари... Како е стоката, како е житото и козите дали оздравија да ми кажете? Поздрав од мене твојот син Јован и поздрав до жена ми Јованица, до син ми Спаско и до чичко ми Алеса и до чичко ми Игнат и до неговите дома...“

Отпретани сведоштва, стр.87/Д.П.237

Писмо од војник Начко Маневиќ до семејството

Број писмо од каплар Начко М. Јовановиќ

10.04.1915

„1915 година 5 мај. Драги чичко Дано дури сега добивме време и можност чичко Дано ако сакате да слушнете за мене, јас сум фала му на бога жив и здрав. Јас сум во вардарскиот батаљон 3 чета, 2 батаљон. Дали Тасика научи да пишува, бидејќи чичко Дано да ми пише она на мене. Поздрави ги чичко Дано, чичко Анпе, и Ќериз и Тасика и Теодосиј и Салтир и Нушка, поздрави ја и мојата снаа Јагна и снаата Горинка и Велика и целото семејство и кој и да праша за мене. Чичко Дане, да ми одговориш за моите браќа, каде се наоѓаат и зошто не ми одговорите дали се живи и зошто не ми одговорите дали добивате од мене писма за тоа како е со мене, бидејќи не знам како е кај вас и за парите што сте ги испратиле на Тасе не сме ги добиле. Да ми пишете и за стоката дали е жива и дали ја продавате, каков е бериќетот и нивите дали сте ги работиле и за куќата дали ја направивте или не? Чичко Дано да те прашам и за моите браќа дали некој од нив доаѓал дома или никој не доаѓал и да ми пишете за сѐ што се случува по дома. Чичко, како го добиеш ова писмо од мене, веднаш да ми одговорите бидејќи не знаете ништо за мене и да ми испратите малку пари. Немам пари и имам зор за пари. Да ми испратите две до три банки.

Чичко, мојата адреса е следнава: 3 чета, 2 вардарски батаљон во Пожаревац.

Сакам и Тимко да ми пише писмо и те молам за 3, 2 пара чорапи и за писмо.“

Отпретани сведоштва,
стр.90/Д.П.290

Писмо од војник Серафим Стефановиќ до мајка му и одговор на писмото

Мила Мајко!

„Прими поздрав од твојот син. Јас сум во Зајечар во болница, фала Богу сега

не сум многу болен мила мајко. Друго нема што да ти кажам, туку најсрдечно те поздравувам тебе и братот Тодор. Твојот син Серафим испраќа поздрави и на сестра ми Ленка и на сите и на дедо Димче и на вујко и на сите по дома и на чичко ми Мане. Мила мајко те молам, ако го примите ова писмо да ми одговорите на оваа адреса.

4. Резервна болница, соба бр.2
Во Зајечар

Одговор на писмото:

Здраво живо на Серафим Стефановиќ Филиповци. Многу поздрав од мајка ти. Дедо ти Димче е болен. Вујко ти Дано е здрав и жив, но тој е во затвор. Јас го добив твоето писмо синко и го прочитав и многу те мислам да разберам дали си многу болен да ми одговориш. Јас сè изорав и насадив пченка во нивата во долот. Три овци продадов за пари, а ако ти е жал пиши ми веднаш да ти пратам пари само ти да се раниш и да гледаш поскоро да ми одговориш да разберам. Ние сите сме добро. Поздрав од вујко ти Анпе и од сите.

Твоја мајка Гена Јованчева
Филиповци
Пратено на 12 мај
Да се даде на
Дине Јованчев
Округ село Филиповци
Срез Куманово

Општина Кратовска,
Шлеговска

Отпретани сведоштва,
стр.93/Д.П.206

Истражи:

како и до кој степен војната ја нарушила функционалноста на големите селски фамилии во Македонија?

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

05.08.1917, Зејтинлик

„Од вчера сум аѓутант на баталјон, драга моја. Стигнав до фантастична воена плата од 200 франци месечно. Додадено кон мојата цивилна плата, баш е добра сума".

Avec les tirailleurs sénégalais, стр.35

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

04.09.1917, непознато место од фронтот "Заливот Алонг":

„Навистина би сакал да ја знам нашата материјална состојба. Повторувам дека немам потреба од ништо, бидејќи сега како аѓутант добивам околу 6 франци на ден, 180 франци месечно, кои се додаваат на 352 франци кои секој месец мора да ти ги праќа Ертбиз, со што секој месец од републиката добивам по *532 франци, но што не ми носи и третман на капетан, со давачките врзани за функцијата".* Avec les tirailleurs sénégalais, стр.48

Писмо од поручник Атанас Стефанов до мајка му

06.06.1918

„Мила мамо! Со поштенски запис вчера на твое име испратив 200 лева. Кога ќе го примиш, извади ги и внеси ги во книшката на Кооперативната Банка".

Генерал Лајтнант Атанас Стефанов, стр.118

Писмо од војникот Стефан Стојков до татко му

30.11.1915

„Мил татко. Стигнавме до полкот каде што се наоѓа Тодор и вчера се видов со него, а и сега сме близу. Му дадов 60 лева, а и до тебе испраќам 200 лева, а и на себе си оставам пари затоа што се потребни – се трошат и тоа главно за јадење."...

Синовете на ополченца Недко Стоиков, стр.62

Прашања:

1. За што сè се интересираат и грижат војниците, во врска со животот на домашните?

2. Зошто некои ниви останувале необработени во селата во текот на војната?

3. На кој начин војниците би можеле да помогнат во обработката на земјата и другите важни домашни обврски, кога се стационирани на должност далеку од домот?

4. Која е важноста на (не)писменоста на населението за време на војната?

5. Размисли: зошто во текот на војната постојано има трансфер на пари меѓу војниците и нивните семејства, во двете насоки?

6. За што најмногу трошат пари војниците на Македонскиот фронт?



ДРУГОСТА

Покрај насилството и борбите со непријателот, зоната на фронтот била место и за запознавање на други култури и народи. На Македонскиот фронт војувале војски на 10 држави, а исто така и локалното население било разновидно (муслимани, христијани, Евреи). Во тие години во зоната на фронтот се зборувале повеќе од 15 јазици на војниците и локалното население. Тоа пак, често доведувало до проблеми во меѓусебната комуникација. Истовремено, контактите помеѓу овие народи довеле до судир на различни сфаќања помеѓу „цивилизираниот Запад“ и „заостанатиот Ориент“. Притоа, во описите на војниците преовладувале генерализации, предрасуди за карактерот на другите народи и нивните култури. Контактите помеѓу војниците и локалното население се остварувале на различни нивоа во зависност од нивното етничко и географско потекло и култура. Притоа се забележуваат и промени во ставовите кои се должат на меѓусебното запознавање и постепеното зближување. Изворите покажуваат и постоење на љубопитност кај војниците за локалното население и другите култури, па дури и учество во нивните локални прослави и создавање на лични врски. Документацијата за оваа тематика е мошне илустративна за разбирање на некои од најважните културолошки феномени од тоа време, ориентализмот и расизмот, но се среќаваме и со базични примери на стереотипи, предрасуди, ксенофобија.

Истражи:

што е ориентализам, и како тој концепт бил применет во литературата, историографијата, политиката, секојдневниот живот итн.?

Истражи:

- што се стереотипи, а што предрасуди?
- каква е врската меѓу другоста, ориентализмот, расизмот, ксенофобијата!

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

31.07.1917, Солун

„Се надевам дека, и покрај тешкотијата на сегашните пловидби, оваа мала турска шамија ќе стигне кај тебе! Убави и пријатни привиди ја носат истата шамија на нивните златни коси што не се видени од човекот. Ах! Тој деликатен шарм на овие непознати суштества, толку далеку од Европа и од нас, овие Варвари! Кога ќе се вратам ќе ти донесам парфеми од Ориентот, парфеми коишто испаруваат, под месечева светлина, од тесните улици во кои се срекаваат турските госпоѓи, вознемирени и исплашени од напливот на луѓе од дваесетиот век*“*.

Avec les tirailleurs sénégalais, т.1, стр.31

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

15.08.1917, с. Ивени, високо во планините на Србија

„Се наоѓаме на едно толку чудно место, толку хаотично и толку воодушевувачко што сакам да се фотографирам тука, за да имаш сувенир од оваа земја и од твојот Lutin. Нашите шатори покриени со лисја поради непријателските авиони, живописната и џиновска карпа каде се засолнува Руке, длабоката провалија, нашите црнци безгрижни како деца, врвовите инфицирани со Бугари, сето ова го сочинува, под едно незаменливо небо, најневеројатниот пејсаж што можеш да си го замислиш*“*.

Avec les tirailleurs sénégalais, Т.1, стр.41

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

19.08.1917, с. Брник

„Утринава, во потрага по јогурт, бугарско млеко, со Руке прошетавме по бедните улици на бедното село, со живописни покриви од сено, како и со покриви од гранит целиот посеан со светкав микашист. Ах! Тие чудни млади жени, толку диви што и нашите црнци ги гледаат со презир, постојано се чистат од вошки и се облечени како Фредегонда и Брунхилда[7] со нивните долги кошули-туники, целосно исцртани со везови“.

Avec les tirailleurs sénégalais, T.1, стр.43

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

22.08.1917, тумбата кај с. Брник

„Ми се чини дека нашиот пријател, доктор Моран, е запален за една чудна Македонка, која се вика Петкана, и која со нејзините библиски панталони и меровиншка кошула изгледа целосно дива. Чудно население, не многу симпатично, те уверувам“.

Avec les tirailleurs sénégalais, T.1, стр.44

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

11.09.1917, с. Сетиња

„Со шармантниот доктор Барбие направивме една убава прошетка крај брзата рекичка, рипајќи од камен на камен. Собирав овошки, кршев ореви и посетував мали напуштени цркви, украсени со варварски икони и чудни стаклени садови... Има убави диви места, рушевини од шест години војна. Деца, облечени како Едип од грчките вазни, доаѓаат да полнат вода од изворите, малку со француски канистри, малку со бугарски или германски канистри“.

Avec les tirailleurs sénégalais, T.1, стр.51

7 Фредегонда и Брунхилда се ликови од средновековна Франција.

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

22.09.1917, с. Баница, во воз кон Лерин

„Во врска со тоа, во едно село во близина, кадешто Србите и Бугарите сурово се тепаа пред една година, и кадешто изобилуваат бедните крстови без име, најдов убава розева волнена престилка за маса, исткаена со зраци и цветови... Ја купив од девојката што ја ткаеше и наскоро ќе ти ја испратам, веднаш штом ја дезинфицирам (затоа што никогаш не се знае со овие Македонките), а ти ќе ја ставиш заради моја љубов“.

Avec les tirailleurs sénégalais, T.1, стр.59

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

03.10.1917, с. Сетиња

„Вчера го видов Живојно, едно пред сè турско гратче, толку тажно, толку чудно, со неговата уништена џамија од која останало само минарето, исправено како крик на душата, и тие мали Турци, толку слатки, малите девојчиња, толку смешни со нивните големи панталони, старите жени кои се покриваат при разминување со странецот. Србите го држат ова село кое е полно со бугарски заробеници“.

Avec les tirailleurs sénégalais, T.1, стр.66

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

17.02.1918, с. Боресница

„Околу нас насекаде има снег до бескрај. Руке започнува лудо мавање со топки снег со младата Митра, која е секогаш свежа и шармантна“.

Avec les tirailleurs sénégalais, T.1, стр.196

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

19.02.1918, с. Боресница

„Моја сакана принцезо, животот е среќен и пријатен меѓу нашите диви Македонци и Македонки, кои почнуваат да се хуманизираат ...“.

Avec les tirailleurs sénégalais, Т.1, стр.197

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

20.02.1918, с. Боресница

„Сместен сум кај кметот. Една млада девојка, која исто така е сместена кај него, една дива млада мајка, била силувана порано од Бугарите. Резултат: едно палаво и темно дете. Исто така, тие прво беа негативно настроени кон нас. Но, сега Македонците и Сенегалците повеќе не се презираат, а жената на кметот лично ми ја пере облеката“.

Avec les tirailleurs sénégalais, Т.1, стр.199

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

22.02.1918, с. Боресница

„Моите одлични односи со Македонците продолжуваат. Госпоѓата кметица и понатаму ми подготвува одлично биволско млеко... Дамата Менка ми праќа срамежливи и по малку диви насмевки, а старите жени ми раскажуваат илјада приказни на македонски и на грчки. Им станав омилен на овие дами“.

Avec les tirailleurs sénégalais, Т.1, стр.201

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

25.02.1918, с. Боресница

„Со Руке продолжуваме да правиме планови за иднината, за блиската иднина, несомнено... Младата Митра продолжува секоја ноќ да го почестува нашиот пријател со нејзините услуги. Таа е убава девојка, руменикава, здрава и цврста“.

Avec les tirailleurs sénégalais, Т.1, стр.203

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

29.03.1918, с. Кучковени

„Еве го и четвриот Велики Петок во текот на Големата војна. Колку е далеку твојот пријател, далеку. Каква пустелија. Белиот снег, чист и лесен, ги покрива блиските балкански планини. Минарето од соседното турско село се губи во снегулките што паѓаат... Луѓе облечени како во времето на Карло Велики живеат под мене... Еден осумдесетгодишен старец, облечен како стариот овчар во Едип, не ме напушта. Тој бдее над огнот од гранки како Весталка... Баш пред малку, ми зборуваше долго, и бидејќи не го разбирав неговиот македонски изговор, тој се расплака. Зад мене, мојот човек, чудесна и жива бронзена статуа, Сорби Самура, додека тивко се жали и на мојот логорски кревет остава ориентални ткаенини со тажни бои како ерменските танцеви, ми ги фали удобствата на Конакри, тајните убавини и накити на Сусу жените. Никогаш... никогаш... не сум бил толку далеку... Толку далеку од Франција, од Западот“.

Avec les tirailleurs sénégalais, T.1, стр.206

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

05.05.1918, с. Вакуфкој

„Принцезо моја, денес е голем ден. Имам многу работи за правење. Денес е православен Велигден. Улиците се расцветани со млади Македонки со сукњи проширени на едната страна, со повеќебојни престилки, со црвени марами што ги знаеш, долните делови од кошулите проткаени со црвено и зелено, а градите покриени со сребрени монети“.

Avec les tirailleurs sénégalais, T.2, стр.16

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

26.05.1918 с. Вакуфкој (писмото е напишано врз три фотографии со Македонки)

„Моја сакана принцезо, еве живописни слики од македонскиот живот: мајката со нејзиното примитивно предало, што го наоѓаме во

секоја куќа од оваа стара земја, толку заостаната, толку примитивна. Еве ја и големата сестра која грижливо бара безбројни паразити во косата на нејзината помала сестра. Тоа исто така може да се види во секое македонско место. Додека ти ги пишувам овие редови, Н›Дри Дамана витка безбројни пликоа за принцезата, а малите македонски девојчиња играат во мојот двор на звукот од два сенегалски там-там, кои ги изнајмив за оваа прилика“.

Avec les tirailleurs sénégalais, T.2, стр.40

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

30.05.1918, с. Вакуфкој (писмото е напишано врз две фотографии со Македонки)

„Моја сакана принцезо, еве една од оние чудни мали Македонки со словенско, односно татарско, лице; ... “.

Avec les tirailleurs sénégalais, T.2, стр.45

Писмо од Рејмон Есхолие до семејството

30.06.1918, с. Ивени

„Прстен од Петкана, од Митра, од Султа(на),

Франкот со син шлем ве зеде како порака

за наивна и силна љубов. Морето ве однесе

во неговата азурна покривка што ја дува еден див ветар.

И покрај опасносите што ги сее Германот,

вие стигнавте без мака во пријатната Франција.

Одете кон мојата Принцеза и допрете ѝ ја дланката,

лизнете се на нејзиниот прст, зборувајте и за надеж

И на идното враќање, прстену на маѓепсувањата.

Среќен прстен роден во кралството на треските,

отсега вашето небо ќе бидат две шармантни очи

и, во летните ноќи, тие
бакнежи кои усните

на љубовницата оддалеку
ги испраќаат на љубовни-
кот!“

Во чест на 10 јули 1918, тринаесеттиот јубилеј од првата брачна ноќ на Принцезата и *Lutin*.

Avec les tirailleurs
sénégalais, T.2, стр.76

Писмо од поручникот Атанас Стефанов до мајка му

06.10.1915

„Мила мамо! Веќе започна разврската на големата бугарска трагедија. И се гледа почетокот на другата страна. О! Ако и крајот е ист?! Слава на ослободителите – храбрите бугарски синови! Смрт на враговите – подлите и злобни Словени, Срби! Веќе е близок нивниот крај! Ура! Поздрав до сите! Твојот син: Атанас“.

Генерал Лајтнант Атанас Стефанов, стр.81

Белешки на нарединкот Жулиан Арен

Забелешка од моментот на тргнување кон Солун (почеток на септември 1915)

...Овој пат, ќе убиваме Бугари; нека е. Бугари или Боши, во секој случај, не е важно!

- Секогаш започнува со Б...

En Macédoine, стр.21

Белешки на нарединкот Жулиан Арен

Камп Зејтинлик (крајот на септември 1915)

Тука се е страшно скапо. Облак од трговци, речиси сите одвратни Евреи, се нафрлија на нашиот камп и бесрамно ги крадат војниците. Еден германски кибрит чини од три до четири суа, од десет до дванаесет суа за една кутија цигари, и покрај тоа што на кутијата е обележано дека чини триесет и пет лепти (центи). И сè е толку валкано, сè е направено од толку многу раце со

очигледна негрижа, поради што не се обидуваме да го пробаме благото грозје кое ни се нуди за дваесет суа за еден килограм.

Сѐ е скапо, и покрај плодната почва, и покрај големиот број на раце кои би можеле да дадат величенствена жетва. Но, ние сме на Ориентот каде рачната работа е лошо гледана. Достојно е да се цркне од глад, а срамно да се работи. За да се реши проблемот, Турците ги вработувале своите жени, останувајќи достојни и не умирајќи од глад...

Еден парталав Турчин, качен на едно излупено и лепрозно магаре, прибрал три болни и полуголи жени готови да се струполат. Ударите со стап паѓаат врз грбовите на несреќниците. Мораше да се задржи револтираниот војник кој сакаше да рипне врз дивјакот...

Треперете, жени бужеански, што вашите сопрузи не ги преземаат навиките од Ориентот!

En Macédoine, стр.34-35

Писмо на полковникот Андре Ордиони до семејството

Во Албанија, она што најпрвин остава впечаток е едноставноста на селото; компактните населби се малуброjни, а куќите се расфрлани.

Чудно е да се види како спротивно на она што се прави на други места и особено во западна Европа, живеалиштата се одалечени едно од друго а не приближени до точка да се допрат како во некои градови од средна Франција каде уличките се многу тесни. Тука, констатираме дека куќите се сите ниски и одалечени од 40 до 50 метри една од друга.

Главно, семејствата остануваат групирани со до триесет членови; водачот во нив игра доминантна улога, а децата, малите деца без поговор му се покоруваат.

Сите куќи се организирани за одбрана, и секоја е претпазлива од соседот, што пак ја објаснува нивната меѓусебна оддалеченост. Тие се направени од камен,

од тули сушени на сонце, во согласност со локалните ресурси и речиси целите се со големи веранди; меѓутоа добрата вар тука е ретка, цврстината на ѕидовите се гарантира преку употребата на дрво во конструкцијата; прозорци има малку, но од друга страна отворите за пушки се добро вградени и бројни.

Постојаната несигурност довела до тоа таму да се градат утврдени куќи кои се нарекуваат кула; јас живеев во Кула – Север и во Кула – Југ на патот за Саранда и тие се вистински мали тврдини со правоаголна форма или коцкаста; навечер сите се затвораат дома и никој не ризикува да излезе надвор.

Вистински тврдини постојат само во долна Албанија каде несигурноста е поголема а ресурсите побројни.

Un officier français,
Т.1, стр.42-43

Забелешки од патниот дневник на Тубен[8] кои се однесуваат на хигиената во поширокиот регион на фронтот, каде што и самиот поминал 22 месеци

За хигиенските навики на локалното население

„Мештаните од овие предели, без разлика дали се со муслиманско или бугарско потекло, во најголем дел се неуки, но итри и нелојални, а настаните и неволјите кои ги носи војната ги натерале на вагабондски живот. Тие се преправаат, и нечесноста е нивна карактеристика.

Бидејќи се неспособни за каков било физички напор, тие поскоро би се задоволиле со неколку зрна пченка или со лубеница, отколку да се оддадат на најмалата работа, и поскоро би пиеле нечиста вода отколку да наредат неколку камења за да заштитат некој извор.

Со својата природна љубомора, Турците, кои се полигами, сакаат да живеат сами и што подалеку од

8 Ц.Ј. Тубен бил технички советник за санитарни работи во кампот Зејтинлик и шеф на бирото на Полицијата и Јавното здравје во префектурата Дуб.

христијаните или “Румите“ кои им се крајно одбивни. Исто така, тие минуваат голем дел од животот вдишувајќи чад од нивното наргиле...“.

Des Epidémies, **стр.5-6**

Дневни белешки од фронтот на Жан Виктор Самсон

Во с. Ливади (**непозната дата**)

„Ливади на турски, односно Ливадија на словенски, е село опкружено со неколку полиња. Тоа е изградено на крајот на една висока долина легната во еден цирк со пошумен срт, а неговото население е куцо-влашко со христијанска религија и е од романската раса. Според обичаите, во Ливадија браковите се прославуваат само во еден ден во текот на годината. Сосема случајно имавме среќа тој ден да поминеме оттаму. Така, во селото се одвиваше голема прослава. На чело на веселите поворки чекореа невестите, исправени во нивните богати одежди. Држејќи ја нежно раката на младоженецот, тие одеа без брзање, а нивните лица беа замаглени зад нивните прозирни велови. Некои деца качени на крововите веења знамиња; други минуваа галопирајќи на своите мали коњчиња. Големи колачи се подготвуваа на отворено, а од буриња, изнесени на улица, се точеше бело мускатово вино чиј вкус не беше лош. Бевме многу добро примени од жителите и се вклучивме во веселбите“.

Campaignes d’Orient, стр.43-44

Спомени на полковникот Владимир Вазов

02.03.1916, с. Негорци

„Синоќа во околината на нашиот двор се смести една германска митралеска единица. Ми оставија впечаток дека се многу груби и бесрамни луѓе. Следното утро си заминаа. Еден селанец ми рече: Господине, нашите бугарски војници се цвеќиња, а Германците се многу лоши луѓе. Испадна дека тие вршеле мала нуж-

да по подот на истата соба во која спиеле“.

...„Често имам можност да видам германски офицери. Во нивните надворешни односи се забележува голема прецизност, коректност, спретност. Во однос на учтивоста на еден кон друг, стигнуваат до крајна прекаленост. Што ли се крие зад таквата надворешност – сè уште не сум дознал.“

Спомени,стр.86

Писмо од војникот Тодор Стојков до мајка му

23.12.1915

„Мила мамо!“..... „Многу другаруваме со Германците. Постојано се собираме за раскажување прикаски. Преку германските офицери дознавам и за многу новини. Читам и германски и бугарски весници. Тука германските автомобили циркулираат секоја минута. Авиони летаат како чав. Од раскажувањата на германските офицери видов многу други невидени работи и разбрав за многу други непознати работи.“...

Синовете на ополченца Недко Стоиков, стр.152

Писмо од војникот Тодор Стојков до татко му

28.12.1915

„Мил тате! Многу често пишувам писма, но кој знае дали ги добивате сите. Весело си ги прославивме божиќните празници тука. Сега ја чекаме Новата година. Со оглед на тоа што сме собрани заедно со Германците, два пати празнуваме Божиќ и два пати Нова година (по нивниот и по нашиот календар). Не можете да си претставите колку весело и безгрижно живееме тука. Ви посакувам на сите исто така весело да си ги поминете празниците. Ви честитам Нова година! Срдечен поздрав и до Богомил. Со Стефан комуницираме. Ги добиваме писмата и пакетите. Имаме доволно пари. Ви бакнувам рака на тебе и на мама, твојот син Тодор.“

Синовете на ополченца Недко Стоиков, стр.152

Прашања:

1. На кој начин (освен географски) далечината може да биде и културолошки концепт?

2. Размисли: зошто француските војници сметале дека Македонскиот фронт се наоѓа на Ориентот? Следствено, зошто француските експедициони сили се нарекуваат „Armée d'Orient"?

3. Зошто личните доживувања на одредена поинаква култура се поврзува со конкретни предмети (во случајов - теписи, парфеми, традиционални кошули и накит, престилки, итн.)?

4. Размисли: Зошто војникот Есхолие ги користи следниве зборови при описот на француските колонијални војници од Африка и на бугарските војници: „нашите црнци безгрижни како деца, врвовите инфицирани со Бугари"?

   нашите -

   црнци -

   безгрижни како деца -

   инфицирани -

5. Зошто војникот Есхолие користи термини од средниот век (и други слични термини) при описот на македонските селани и селанки? (На пр.: Меровинзи – франкска владетелска династија од раниот среден век; Фредегонда и Брунхилда – меровиншки принцези; библиски панталони; меровиншка кошула; меровиншки партали; варварски икони)

6. Размисли: Како ги толкуваш негативните атрибути што разни војници ги доделуваат на војниците од другата страна, но и на некои цивили, од зоната на фронтот? (На пр.: „диви Македонци и Македонки“; „подлите и злобни Словени, Срби“; „одвратни Евреи“; „Германците се многу лоши луѓе“; итн.)

7. Наброи случаи на пријателство со локалното население (врз основа на споменатите извори)!

8. Наброи случаи на пријателство меѓу војници (врз основа на споменатите извори)!

9. Што ново можеле да научат војниците на фронтот (во културолошка смисла)? Опиши го процесот на запознавање на разните култури, користејќи ги описите на Есхолие!

Есеј:

Истражи/размисли: како се одвивало детството во време на војната?

Есеј:

Напиши краток есеј тргнувајќи од зборовите на бугарскиот војник „Откако човек ќе умре, хуманоста надвладува над омразата“!

Есеј:

тргнувајќи од мислата на војникот Туган дека епидемиите се „непријател кој е подеднакво опасен“ напиши краток есеј за влијанието на епидемиите во животот на војниците и цивилите во текот на Првата светска војна!

Есеј:

Напиши есеј за положбата и правата на жените во зоната на фронтот, но и општо во Европа, за време на Првата светска војна, тргнувајќи од реченицата „Треперете, жени бужеански, што вашите сопрузи не ги преземаат навиките од Ориентот!“ од војникот Арен.

Есеј:

Напиши есеј тргнувајќи од реченицата „*Ах! Тој деликатен шарм на овие непознати суштества, толку далеку од Европа и од нас, овие Варвари!*“, што ја среќаваме во писмото на францускиот војник Р. Есхолие до неговата сопруга!

Животот на фронтот
- Македонија за време на Првата светска војна

Автори: Петар Тодоров, Дарко Стојанов и Јана Коцевска

Дизајн и Техничка обработка: Михајло Мотески

Печати: Промедиа

Оваа публикација е изработена во рамки на програмата за децентрализирана соработка помеѓу Регионот Нормандија и Република Северна Македонија и Нормандија за мирот. Програмата е финансиски поддржана од Регионот Нормандија и Министерството за надворешни работи на Франција. Програмата е координирана од страна на Европската асоцијација за локална демократија (АЛДА) во соработка со Центарот за истражување на национализмот и културата (ЦИНИК - Скопје).

ALDA
European Association for Local Democracy

Liberté • Égalité • Fraternité
RÉPUBLIQUE FRANÇAISE
MINISTÈRE DE L'EUROPE ET DES AFFAIRES ÉTRANGÈRES

Соработка помеѓу Нормандија и Северна Македонија

RÉGION NORMANDIE

NORMANDIE POUR LA PAIX

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛИЗМОТ И КУЛТУРАТА
CENTER FOR RESEARCH OF NATIONALISM AND CULTURE

Фотографиите се во сопственост на Државен архив на Република Северна Македонија, одделение Битола.
Обработени од страна на Македонски центар за фотографија.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

94(100)"1914/18"(497.7)

ТОДОРОВ, Петар
Животот на фронтот : Македонија за време на Првата светска војна : (историска читанка) / [автори Петар Тодоров, Дарко Стојанов и Јана Коцевска]. - Скопје : Центар за истражување на национализмот и културата - ЦИНИК, 2019. - 93 стр. : илустр. ; 24 см

ISBN 978-608-66464-0-0
1. Стојанов, Дарко [автор] 2. Коцевска, Јана [автор]
а) Прва светска војна, 1914-1918 - Македонија
COBISS.MK-ID 111821322